**РИСТО ТОДОРОВ**

ЛУБ "БЛАГОЈ ЈАНКОВ-МУЧЕТО" СТРУМИЦА
C 821.163.3-2
ТОДОРОВ Р.
Молскавичен ѕвон
100067316
COBISS ©



# МОЛСКАВИЧЕН ЅВОН

# Ристо Тодоров / Молскавичен ѕвон

(Драмата "Молскавичен ѕвон" премиерно е изведена на 24 април 1999 година со Драмското студио на ДСТТУ "Никола Карев"-Струмица во режија на Кире Ѓорѓиев. На Регионалните драмски аматерски и алтернативни натпревари освои награда за епизодна женска улога.)

# СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ДРАМА

Издавач:
*Макселин*-Струмица

Директор:
Никола Сарајлија

Уредник:
Панче Ризов

Рецензенти:
Мите Грозданов
Миле Волканоски

**Ристо Тодоров**

1000067316
ЛОКАЛНА ... БИБЛИОТЕКА
СТРУМИЦА
ИНВ. БР. 67316

# МОЛСКАВИЧЕН SBOH

УСТАНОВА БИБЛИОТЕКА
СТРУМИЦА

Макселин
Струмица, 2001

CIP - Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

821.163.3-2

ТОДОРОВ, Ристо
Молскавичен ѕвон / Ристо Тодоров. - Струмица : Макселин, 2001. - 104 стр. ; 20 см

ISBN 9989-829-06-3

## ГОРДОСТ НА УМОТ ИЛИ ГЛУПОСТА

Ристо Тодоров, ако во "Ножот" ни долета со жестоко режење, и направи длабоки засеци во умовите преку добрината и злобата, во судир за превласт од шовинизмот на душата кај возрасните, низ вистинската љубов со чесност, дури и во интимата - а во борба со алчноста и користољубието од продолжената рака на шовинистичките заболени умови, кои газат по сè што не е нивно или не сака да се претопи во нивно - од љубов до смрт... Така, уште поболно замолска со "Молскавичен ѕвон" бидејќи нè соочува со расколот на умот кај непоправливите фанатици кадешто им го гледаме недогледното распаметување и невиноста на детските души, едни во тешко решение да се ополчат, други во лекоумноста да се индоктринираат во монструми на заслепениот шовинизам.

Со вториот драмски обид, "Молскавичен ѕвон", ме тера на сериозно размислување да разлучиме што е националист, а што е шовинист, зашто честопати се мешаат овие поими со нивно погрешно "толкување". Ако националистот е индивидуа која си го сака својот народ и ги почитува другите, а шовинистот исклучиво само своето, а сè друго негира ако не го "посвои", срамно е и недозволено, гордоста на сопственото незнаење и глупост - да го поистоветува националистот со шовинистот. Ни еден народ сам по себе не може да биде шовинистички, како што ни еден субјект колку и да е заболен, задоен или индоктриниран, сам, не може да зарази цела нација со свои идеи, но за жал секаде имало, има и ќе има кретени, кои ќе се обидуваат да станат погрешни лидери на стварноста.

Во"Молскавичен ѕвон" јасно како на дланка Ристо Тодоров ни ги претставува типовите: Душан како директор, Драгиша како "класни" и Шумадинка како секретарка на гимназијата, кои се гордеат со својата глупост и незнаење и затоа одат во невидени димензии на терор, алчност, свирепост... Едниот од директорството до најниска разватност на педофилство, другиот со изразито полтронство и одвратност на лицемер и предавник, што се преведува со претоп од "ски" на "иќ" и обратно, а третата пак, од барајќи ухлебие за љубов, говори и тоа што не мисли. Единствено од тие задоени шовинисти на србофилство исклучок е Јела - која еволуира во вистински човек и

докажува дека Македонецот не е Србин и дека народот српски не е - шовинизам.

Големи димензии добива делото во драматичност кога ги гледаме учениците во полемика за историски факти и фалсификати, каде што вистината македонска изнесена од страна на ученикот Јован по македонски и светски мерила - Јовица, поучен од "сезнаењето" на татица класни, ја прави фалсификат зашто грчките извори го дотекле Александар Македонски во најголем Грк. А би можело, барем да се ѕирне, покрај многуте, само "Кон другата земја" од Маџунков, па да ти е јасно кој си и што си во светот. По таа аксиома го гледаме најпозитивниот лик Христо - професор по историја, како со стаменост и достоинство ги храбри и најобесхрабрените, ги учи на смиреност и кога е неизбежна агресијата. Таа педагошка димензијаТодоров, кај Христо ја гради до перфекција, со што делото преку тој лик добива прекрасна драматуршка приказна.

Тука се и позитивните: Македонка - македонски јазик и Драгица - географија, кои непоколебливо помагаат Христо до крај да ги разоткрие и разобличи одвратностите, во секој поглед, кај Душана и Драгиша, па така делото обилува со амплитуди на повеќе акции кои допринесуваат на атрактивен и интересен начин до читателот да допрат вистинските дилеми, судири и убавини што ги содржи делото, а особено верувам дека гледачот во театар ќе има среќа да се соочи со вистински спектакл на права театарска возбуда која пројавува порака: како некои дилеми во животот бескомпромисно да се разрешат.

Само може да додадеме: Со среќа и до скоро разрешување на сцена.

*Мите Грозданов*

# "МОЛСКАВИЧЕН ЅВОН" ОД РИСТО ТОДОРОВ

Во драмата "Молскавичен ѕвон", писателот Ристо Тодоров обработува тема од не многу далечното драматично минато на македонскиот народ - деновите по осамостојувањето на Македонија. Без оглед на тоа, дали темата некому му се допаѓа или не, без страв и сентименталност, писателот Тодоров разоткрива деградирани, дури и неразбирливо смешни ликови и односи во општествената вистина во Македонија. Открива присутни остатоци од шовинистичките појави на грст луѓе кои немаат и не сакаат да имаат реални погледи врз новонастанатата состојба и историската вистина за сегашноста, а и за самите себе.

Годините пред тоа оставија траги кај одделни луѓе. Апетитите на приграбувањето на териториjалните делови отсекогаш биле присутни од сите страни, иако Македонија граничи со самата себе. Позната е колонизаторската, а со тоа и асимилаторската политика на Кралството Југославија врз Вардарска бановина, односно Македонија. Познати се заткулисните игри на една или друга соседна земја, интригите во времето на Илинден или во 1913 година, кога ја распарчиле Македонија, кога огромни простори од македонската земја заграбија соседите, а такви аспирации и денес пројавуваат некои соседи.

Во таа игра, а точно од тие вртлози, резултира и нишката што како идеја ја разработил писателот Тодоров во драмското дело "Молскавичен ѕвон". Понирајќи многу суптилно во историските и биолошките дамари, ги пресечува во зародишот забеганите погледи на одделни шовинистички затруени луѓе и нивните заблуди ги отрезнува за да се вратат во матичното гнездо - јадро на кое му припаѓаат и самите тие, во што во "Молскавичен ѕвон" и успева.

И не само историчарите, и не само политичарите, туку и секој од нас, треба да се бори против тие остатоци. Во случајот Ристо Тодоров како автор оставил ехо за едно време, за една неразумна болка. Многу инвентивно, Тодоров го сместил драмското дејство во средношколска средина, таму каде што учениците естетски и идејно се оформуваат, образовно растат во средина на судири и страсти со огништа на љубов и болка.

Еден од значајните ликови е Милане. Во првиот дел од

драмата се однесува како војвода со депласиран морал, арогантен кон соученичките и соучениците, дрзок до степен на ненормалност, ја следи историјата на неговиот татко - шовинист, а ја негира историската настава што ја предава професорот по историја. Кулминацијата на неговото безумие е барањето за суспензија на професорот по историја. Ова барање го прави по иницијатива на родителот и закрила на директорот на училиштето и уште од двајца поддржувачи на шовинистичката игра. Отрезнет од заблудите, Милане го доведува дејствието до разврска. Од заблудите се отрезнуваат и таткото и директорот.

Без предрасуди, без замаглување, смело исмејува грст луѓе кои се отсутни од реалните настани во општествените односи кои се затвориле во некакви херметички гнезда. Брзо сфаќаат, опоменати од младата генерација - синот Милане, дека треба да се вратат таму каде и припаѓаат, меѓу своите кои се носители на вистината и правдата, креатори на општествениот напредок за да не се изгубат од сцената на човековата активност. "Молскавичен ѕвон", како сериозна опомена, како ѕвон на сите камбани одѕвонува за да не отрезни од заканите што молскавично трескаат врз нашето битие.

*Миле Волканоски*

ЛИЦА:

ХРИСТО, професор по историја
ДУШАН, директор
ДРАГИША, класен раководител
ШУМАДИНКА, секретарка
МАКЕДОНКА, професорка по македонски јазик
ДРАГИЦА, професорка по географија
ЈОВАНКА, професорка
ЈАГОДА, ученичка
ЈОВАН, ученик
БУЦКО, ученик
ЈОВИЦА, ученик и син на Драгиша
МИЛАНЕ, ученик и син на Јела
ЈЕЛА, мајка на Милане

## СЦЕНА 1
## (Во училницата на IIIа клас)

Дејството се случува во почетокот на шеесетите години. Класична училница со две редици клупи. Врз нив ученички прибор: книги, тетратки, пенкала и друго. Напред пред десната редица - катедра, на челниот ѕид - табла, а во левото ќоше кај вратата - кошничка за отпадоци. На десниот ѕид се наоѓаат прозорците, а меѓу нив закачалка за облека.

Пред часот се чувствува раздвиженост на ученици. Буцко, кој седи на првата клупа од десната редица, го користи одморот да ја научи лекцијата по историја, додека Милане, кој седи зад Буцко, вообичаено не учи и повеќе гледа да се спречка со некој соученик. Јован, кој седи на првата клупа од левата редица прошетува низ празниот простор меѓу двете редици и седнува на својата клупа. Јовица седи на втората клупа од левата редица зад Јован и зборува со еден соученик зад него. Јагода е во истата клупа со Буцко и се подготвува за час. Други ученици доаѓаат и седнуваат на своите места вадејќи од ташните по некоја книга за читање.

МИЛАНЕ (Застанувајќи пред Буцко): Што си запнал толку?
БУЦКО (гласно): Учам!
МИЛАНЕ (Уште погласно): Што?
БУЦКО: Што? Учам, не гледаш ?!
МИЛАНЕ: Те прашувам, што предмет учиш?
БУЦКО (Погласно): Историја!
МИЛАНЕ (Зачудено): Историја?
БУЦКО: Да, историја.
МИЛАНЕ: Историјата е како бабини приказни, што ќе ти е?
БУЦКО: Што ќе ми е? Ти и нив не ги знаеш. Тргни се и остави ме!
МИЛАНЕ (Удирајќи го Буцко по рамото): Учи!
БУЦКО (Чувствувајки болка): Уф!
МИЛАНЕ: Е, боли...
БУЦКО (Му одвраќа брзо и се тргнува на страна): Да видиш, како е!
МИЛАНЕ (Со болка): Уф! Ќе видиш...

БУЦКО (Заканувачки): Ајде! (Се мести за одбрана)
МИЛАНЕ (Се стрчува): Ќе те отепам!
БУЦКО (Итро бега низ клупите): Отепај ме, ајде отепај ме!
МИЛАНЕ (Го брка да го фати правејќи неред од клупите): Ќе те фатам и дотепам!
БУЦКО (Предизвикувачки): Фати ме, фати ме! (Бега низ клупите)
МИЛАНЕ (Подзастанува): Со една тупаница ќе те сплескам на подот!
БУЦКО (Побегнат во празниот простор на училницатата, ја соблекува кошулата и го мами како тореадор.): Ајде, торо, оле! Оле!
МИЛАНЕ (Нервозно): Ќе ти ја скинам шијата како на петле! (Покажува со рацете) Еве, вака!
БУЦКО (Подрипнува со нозете весело): Торо! Оле! Оле!
ДЕЛ ОД КЛАСОТ (Повторува): Оле! Оле!
МИЛАНЕ (Се стрчува): Ќе те фатам!
БУЦКО (Итро се тргнува настрана како тореадор): Така, торо!
МИЛАНЕ (Удирајќи во таблата): Уф! Главата!
БУЦКО (Свртен со грбот накај вратата): И така ти треба!
МИЛАНЕ (Заканувачки): М... м...
БУЦКО (Потскокнува весело): Ајде, торо, напред! Оле! Оле!
ДЕЛ ОД НАСОБРАНИ УЧЕНИЦИ (Повторуваат) Оле! Оле!
БУЦКО: Што чекаш, ајде напред со главата! (Го мами со кошулата.) Ајде, торо, оле! Оле! (Во тој миг влегува класниот раководител Драгиша подзастанувајќи и молчејќи. Миланe го здогледува, се нервира и молчи. Учениците полека се смируваат, а Буцко продолжува да подрипнува со нозете и го мами со кошулата.) Ајде, торо, оле! Оле!
ДРАГИША (Гласно и налутено): Оле, а?! Оле?
БУЦКО (Поднаведнат го здогледува и молчи)
ДРАГИША (Уште погласно): Повтори! Оле! Оле!
БУЦКО (Со страхопочитување): О... О...
ДРАГИША (Налутено): Повтори, кога ти велам!
БУЦКО (Тивко, нечујно): Оле! Оле!
ДРАГИША: Уште еднаш !
БУЦКО (Малку погласно): Оле! Оле!

ДРАГИША (Подбивно): Оле, а? Оле? Значи ти си нервот на недисциплината во овој клас!? Мислиш ли ти дека училницата е корида? Ајде сега малку подрипни и насмевни се! (Драгиша и самиот подрипнува.) Оп! Оп! Хоп! Хоп! Што чекаш? Ајде, ајде! (Погласно) Подрипни кога ти велам!
БУЦКО (Подрипнува молчешкум)
ДРАГИША (Задоволен): Така...
БУЦКО (Застанува и налутено): Тој ме предизвика, професоре. Јас не издржав и...
ДРАГИША (Отсечно): Кој?
БУЦКО: Милане!
ДРАГИША: Кој?
БУЦКО: Милане, оној, онаму!
ДРАГИША: Како те предизвика?
БУЦКО (Објаснувајќи): Се подготвував за часот, а тој дојде и ме удри така силно што слушнав ѕвон.
МИЛАНЕ (Налутено): Не класни, лаже! Тој ме удри, тој!
БУЦКО (Налутено): Ти ме удри прв! Ти! Не лажи!
МИЛАНЕ (Се нервира): Ти! Ти!
ЈОВАН (Станува и гласно): Јас видов, професоре, јас!
ДРАГИША (Го исправа): Класни.
ЈОВАН: Да, класни. Јас видов. Буцко читаше, Милане појде кај него и отпрвин му досадуваше... а потоа прв го удри.
МИЛАНЕ (Налутено): Лаже, класни, лаже! Буцко ме удри прв.
ЈОВАН (Налутено): Кој лаже, бе? Кој? Го удри!
МИЛАНЕ(Отсечно): Не! И не!
ДРАГИША: А, Буцко? Го удри и тој ?
ЈОВАН: Малку, класни, малку! И веднаш уплашено побегна! (Некои ученици негодуваат поддржувајќи го Буцко.)
ДРАГИША (Налутено): Тишина! (Учениците се смируваат.) А тебе?
(Кон Јована) Кој ти рече да зборуваш? Те прашав нешто?
ЈОВАН (Несигурно): Но, сакав...
ДРАГИША (Го прекинува): Доста! Седи! (Јован седнува) Да, да... Па, Буцко, чинам време е лично да те упатам во некои методи од физичкото образование и воспитание! Ме слушна?

БУЦКО (Тивко): Да, класни.
ДРАГИША (Заповеднички): Клекни! (Буцко клекнува) Стани! (Буцко станува. Драгиша го прави тоа неколку пати со побрзо темпо сè додека Буцко не се замори) Стој! (Буцко застанува речиси без здив.) Облечи ја кошулата! (Буцко ја облекува.) Мислеше да ги симнеш и панталоните, а? Можеби и гаќите, а? Кој знае што би можел да помисли човек!?
БУЦКО (Малку налутено): А, за Милане?
ДРАГИША (Гласно): Те прашав нешто!?
БУЦКО: Не.
ДРАГИША: Тогаш, молчи! Оди си на местото и другпат, внимавај! (Со потсмев) А вежбава... без гајле, ќе ти помогне да ослабиш! (Додека Буцко оди и седнува на своето место) Средете ги клупите! (Учениците ги подредуваат клупите. Драгиша горделиво оди кон катедрата, седнува, го запишува часот и прашува) Дежурен?
БУЦКО (Станува): Јас!
ДРАГИША (Подбивно): О-хо,значи и дежурен си?
БУЦКО: Да!
ДРАГИША: И наместо да го одржуваш редот, ти самиот поттикнуваш неред!
БУЦКО: Не, класни, Милане! Зарем не рекоа и останатите?
ДРАГИША: Што рекоа?
БУЦКО: Каков сум.
ДРАГИША: Каков си?
БУЦКО: Да. (Зборување меѓу учениците со поддршка на Буцко)
ДРАГИША (Налутено): Тишина! (Учениците се смируваат.) Јас сум тој што кажува, каков си, кој си и што си, разбра?
БУЦКО: Да. Но,...
ДРАГИША ( Го прекинува.): Да не згрешив нешто?
БУЦКО: Не згрешивте, сепак, не сте праведен.
ДРАГИША: (Пламнува од лутина): Не сум праведен? Јас не сум праведен? (Станува, оди кај Буцко и му удира шлаканица. Од очите на Буцко потекуваат солзи. Негодување кај учениците.) Тишина! И запомнете, вака ќе помине секој кој се обидува да го наруши редот и дисциплината во класот! А тебе... ова ти е да научиш, да молчиш, слушаш и

да не зборуваш! И, запомни: јас предавам физичко! Разбра!?
БУЦКО (Молчи, бришејќи си ги солзите)
ДРАГИША (Збеснето): Разбра!?
БУЦКО (Речиси нечујно): Да.
ДРАГИША (Се враќа кај катедрата, седнува и милостиво му се обраќа на Милане.) Седи, Милане! (Милане седнува.) Отсутни?
БУЦКО (Сè уште стои): Нема.
ДРАГИША: Но, да не заборавам: По казна, Буцко, ќе биде дежурен и оваа седмица, и втората седмица, и третата седмица! Ме слушна?
БУЦКО (Малку налутено): Да! Но и Милане, по казна, треба да биде дежурен. И тој го наруши редот и дисциплината во класот!
ДРАГИША (Нервозно): Седи! Седи! Ќе зборуваш тогаш кога јас ќе те прашам! Разбра?
БУЦКО (Молчи)
ДРАГИША (Уште погласно и понервозно): Разбра?
БУЦКО (Отсечно): Да. Кога и каменот и оревот е кај вас.
ДРАГИША: Седи! Седи! Да не те поткачам повторно! (Буцко седнува.) Па, да ја видиме отсутноста од минатата недела... Опа...
Еве го Буцко! Стани! Стани!
БУЦКО (Станува): Да, класни!
ДРАГИША (Гласно): Во вторникот си задоцнил на првиот час, зошто?
БУЦКО: Само пет минути, класни.
ДРАГИША (Подбивно): Така, само пет минути, а?
БУЦКО: Да.
ДРАГИША (Погласно и со иронија): А зошто?
БУЦКО (Натажено): Вие веќе знаете, баба ми е неподвижна, лежи в кревет. Утрината појдов да ѝ купам млеко но, пред продавницата имаше долга колона па, морав да чекам. И...
ДРАГИША (Налутено): Седи! Неоправдан!
БУЦКО (Со солзи во очите): Но, зарем да ја оставам гладна?
ДРАГИША: Те советувам другпат порано да одиш по ку-

пувачки! Освен тоа, чинам, тебе ти е неопходно спартанско воспитание!
БУЦКО (Подбивно): Не го мислите истото и за Милане?
ДРАГИША: Седи! Седи! Неоправдан! (Му става неоправдан.)
БУЦКО: Како што ќе речете вие, класни? (Седнува)
ДРАГИША: Во средата на првиот час задоцнил Јован! Стани! Стани! Зошто?
ЈОВАН (Станува): Класни, затаи будилникот, па...
ДРАГИША: А-ха, а-ха, затаи будилникот: А, кога се врати синоќа? В зори?
ЈОВАН: Не, професоре!
ДРАГИША (Нервозно): Кога еднаш ќе те научам?
ЈОВАН (Брзоплето): Класни, класни...
ДРАГИША (Отсечно): Така.
ЈОВАН: Навреме си дојдов, класни!
МИЛАНЕ (Брзо станува.): Лаже, класни, лаже! Беше во кафулето до два часот по полноќ! Лично го видов!
ДРАГИША: Значи, сепак на лагата нозете ѝ се кратки! Седи, Милане и ти благодарам.
МИЛАНЕ (Седнувајќи): Молим, класни!
ЈОВАН: Ве уверувам дека се вратив пред полноќ! Милане не ја зборува вистината.
ДРАГИША (Налутено): Седи! Седи! Неоправдан! Одиме понатаму. (Јован седнува незадоволен.) Среда... Хм! Еве го пак Буцко. Стани! Што седиш?
БУЦКО (Станува): Врнеше тоа утро, бев наводнет и згора на сè додека одев по тротоарот наиде возило и едноставно ме потопи со нечиста вода. Морав да се вратам и да се преслечам, класни.
ДРАГИША (Налутено): А чадор? Немаше чадор?
БУЦКО (Нагласено): Не! Со што да го купам, класни? Знаете и самиот, сирак сум, без родители, а со пензијата на баба ми, едвај го туркаме месецот.
ДРАГИША (Налутено): За вистинскиот ученик не постои причина да не дојде навреме во училиште. Макар и целиот наводнет!
БУЦКО: Но, класни, ми студеше!
ДРАГИША (Нервозно): Седи! Седи! Неоправдан!

БУЦКО (Незадоволен): Како што ќе речете Вие, класни! (Седнува)
ДРАГИША: Еве го, повторно, Јован! Стани! Стани! А овојпат? Пак?! Затаи будилникот? (Во тој миг некој ја отвора вратата, свирнува со уста и извикува со повикот на Тарзан "АУА, АУА". Смеа во класот.)
Тишина! Тишина! (Учениците се смируват.)
Овој е некој како тебе, Јоване!
ЈОВАН (Веќе станат и налутено): Не е како мене! Како Милане е.
МИЛАНЕ (Ста́нува и налутено): Класни, не дозволувам да ме навредува некој како овој...
ДРАГИША (Смирувачки): Зарем вакви глупости те нервираат Милане? Смири се! Тука јас одлучувам за сѐ! (Милане седнува.)
ЈОВАН: Не сте во право, класни!
ДРАГИША (Налутено): Јас? Јас?
ЈОВАН:Да Ви објаснам!
ДРАГИША: (Се фаќа за глава.): Да ми објасниш?
ЈОВАН: Да. Дозволете, само, накусо.
ДРАГИША (Подбивно): Да, слушам...
ЈОВАН: Оној што вика е од градската младина. Доаѓа тука, бидејќи во училиштето нема ред, мир и дисциплина.
ДРАГИША (Зачудено и со една рака се фаќа за глава.): Леле! Нема ред, мир и дисциплина во училиштето?
ЈОВАН: Да, токму така! Посака ли некој, ќе дојде, ќе се изнавика и ќе си замине неспречен од никого!
ДРАГИША: Така, а? Ќе дојде, ќе се изнавика и ќе си замине неспречен од никого?!
ЈОВАН: Да, така! А се разбира при тоа пречи и на наставата.
ДРАГИША: И пречи на наставата? Така, а?
ЈОВАН: Да.
ДРАГИША (Налутено): Седи! Седи! Неоправдан!
ЈОВАН (Зачудено): Неоправдан? Но, како?!
ДРАГИША (Како побеснет): Така! Ти ли бе ќе ставиш ред, мир и дисциплина во училлиштето? Ти? Значи, нашиот почитуван директор не чини, а? А ваму, кој отсутен? - Јован. Кој задоцнил? - Буцко. И сѐ само Јован-Буцко,

ИНВ БР 67316

Буцко-Јован!
ЈОВАН: Можеби, но од сосема оправдани причини.
ДРАГИША: Оправдани причини?
ЈОВАН: Да.
ДРАГИША (Налутено): Е, па за ваквите оправдани причини - неоправдан! Седи! Седи!
ЈОВАН (Седнувајќи незадоволен): Да. Неоправдан.
ДРАГИША: Други отсутни, нема.
БУЦКО (Станува и нагласено): Има! Има, класни! Видете подобро!
ДРАГИША: Нема! Седи!
БУЦКО (Заинаетено): Не седам! Има. Јас бев дежурен и минатата недела.
ДРАГИША: Па? Да слушнам...
БУЦКО: Погледнете во дневникот и ќе дознаете! Милане отсуствуваше два дена.
ДРАГИША (Подбивно): Знам, но од оправдани причини. Мајка му ме извести дека е болен!
ЈОВАН (Станува): Лаже! Лаже! Класни! Тврдам дека мајка му Ве излагала! -
ДРАГИША (Се тресе од лутина): Како, лаже? Како може да се сомневаш во зборовите на еден родител?
ЈОВАН (Нагласено): Многу едноставно. Тврдам дека ве излагала!
ДРАГИША: Јас верувам само во факти, ученици. Но, да го слушнеме Јована!
ЈОВАН: Во средата навечер, Милане играше кошарка и се степа со еден играч. Сите знаеме дека тој не трпи порази, па во еден момент го удри противничкиот играч. Меѓутоа, во тепачката што настана, го извлече подебелиот крај при што, остана без еден заб. Но, како да не му беше доста. Се испокара и се истепа и со својот тренер, а потоа побегна од просторијата.
МИЛАНЕ (Се смее): Ха...ха...ха... Си видел, а? Си видел како го кутнав тренерот?!
ЈОВАН: Видов. Меѓутоа, за тебе во екипата нема повеќе место.
МИЛАНЕ (Смеејќи се): Ха...ха...ха... Најважно е што ќе ме помни цел живот! Го кутнав како пресечено стебло.

ДРАГИША: Се прашувам, што сакаше да кажеш со ова?!
JОВАН: Тоа дека Милане не беше болен и дека спомнативе два дена се вртакаше околу училиштето, не осмелувајќи се да влезе в училница од страв да не го столчат кошаркарите поради грубоста кон нивниот тренер.
БУЦКО: Точно, класни! Наместо да присуствува на часови, Милане два дена се криеше низ подрумските простории.
ДРАГИША (Нервозно и гласно): Доста!
JОВАН: Но, класни, зарем не рековте дека верувате само во факти? А нив, како што слушнавте, ете, ги потврди и самиот!
ДРАГИША (Станува и му се приближува на Јован.): Доста, кога ти велам! Доста!
JОВАН (Налутено): Излегува дека за Вас фактите немаат никакво значење. Нам неоправдани, а нему дури и лагите оправдани!
ДРАГИША (Низ заби): Престани! Доста ми е од твојата дрскост! (Заканувачки) Или... Виде како помина Буцко?
JОВАН: Но, нели рековте факти?!
ДРАГИША: Доста, оти... За мене зборот на родителот е најцврстиот факт.
БУЦКО: А дали и тогаш кога истиот тој збор е само едноставна лага?
ДРАГИША (Налутено): Доста и ти! Освен тоа, чинам крајно време е вас двајцата да ве предложам пред Советот за отстранување од училиштето. Како што гледам, сте натрескале по триесет неоправдани, а тоа е повеќе од доволно за да бидете отстранети. (Негодување меѓу учениците) Тишина! Тишина! (Учениците се смируваат)
JОВАН (Налутено): Во тој случај, Милане би требало одамна да не биде меѓу нас. Не колку часови, туку да се присетиме само колку денови отсуствувал од настава. А за другиот однос кон наставниците и соучениците, и да не зборуваме. (Шепотење меѓу учениците со поддршка на Јован)
ДРАГИША (Брзоплето): Седи, седи, односно, тишина! (Смирување)
JОВАН (Тврдоглаво): Простете господине класни, но како претседател на класот, треба да ви ја предочам вистината!

ДРАГИША (Гневно): Седи, кога ти велам! Ти и Буцко на Совет!
ЈОВАН: И Милане на Совет!
БУЦКО: И тој! И тој!
ДРАГИША: Престанете и ни збор да не сум слушнал повеќе!
БУЦКО: Зошто? Зашто ја зборуваме вистината?! Или зашто докажавме дека поради пријателство со неговите родители, ги отфрливте фактите?
ДРАГИША: Ова да не се повтори повеќе, бидејќи и обајцата ќе ве испокршам! Чинам, заборавивте што ви предавам јас!? (Ѕвончето ѕвони. Драгиша се враќа до катедрата, го зема дневникот и, пред излегување, подзастанува.) И, да не заборавам... Последниот час имате физичко воспитување па, како казна, сите ќе работите во градината зад мојата куќа. (Негодување кај учениците, Драгиша излегува од училницата со кренатата глава. Пауза.)

## НА ОДМОРОТ

На одморот се појавува речиси нечујно раздвижување на учениците. По огласувањето на ѕвончето, сите се на своите места, ги отвораат учебниците и читаат. Единствено Милане ја нарушува работната атмосфера. Стои во празниот простор, пред учениците и започнува да ја пее "Мој Милане".
МИЛАНЕ (Пее на српски): "Мој Милане, јабуко са гране, јабуко са гране, мој Милане".
ЈОВАН (По неколу довикувања од ученици: "Милане, те молам не пеј"! или "Милане, те молам престани!" Стануvajќи и низ гнев): Слушај бе, невоспитан Геџо! Зарем не сфаќаш дека пречиш!
МИЛАНЕ (Расположено): Е, тоа најмалку ме загрижува! Ми се сака и ќе си пеам! А вие (кон останатите) што сте замолкнале? Пејте! Пејте кога ви велам!
"Мој Милане, јабуко са гране, јабуко са гране, мој Милане", (Општ молк, гневно) Не сакате, а? Не сакате? Тогаш ќе морам да ви ги испокинам учебниците. Пејте или кинам... (Го зема и го искинува учебникот од најблискиот соученик

и продолжува да пее.) "Мој Милане, јабуко са гране, јабуко са гране, мој Милане".
( И понатаму општ молк, Милане нервозно и гласно вика.) Пејте! Пејте! Пејте!
ЈОВАН (Поаѓајќи кон него): Ако сакаш сите да пеат, тогаш барем запеј некоја убава македонска песна. Да речеме: "Денес над Македонија се раѓа"(Почнува да пее.)
"Денес над Македонија се раѓа ново сонце на слободата",
БУЦКО (Придружувајќи му се и обраќајќи се кон останатите во стилот на диригент): Па, соученици, да му покажеме на насилников што умееме!... (Општо громогласно пеење)
Македонците се борат за своите правдини
Македонците се борат за своите правдини.
За кого сега знамето се вее,
На Крушевската Република,
на Гоце Делчев, Питу Гули,
Даме Груев, Сандански,
на Гоце Делчев, Питу Гули,
Даме Груев, Сандански.
БУЦКО (Прекинувајќи): Но, доста, сестри и браќа! Да продолжиме со подготовките за часот! (Кон Милане со иронија) Ете, така се пее, Милане... но, се разбира, сè во свое време и по своја волја. (Сите ракоплескаат, освен Милане) Тишина! Тишина! Збор има претседателот Јован.
ЈОВАН (Кон Милане): Ти збору' ı нешто ова?! Време е да го менуваш односот, Милане!
МИЛАНЕ (Се нервира и силно удира на првата клупа): Ќе пеам! Ќе пеам колку што сакам! И кога сакам!
ЈОВАН (Заканувачки): Пеј, но само тогаш кога не пречиш никому. Впрочем како претседател на класот, те предупредувам - менувај го односот!
МИЛАНЕ (Брзо го зграпчува со едната рака за јаката на кошулата.): Ти мене ме предупредуваш? Ти? Мислиш, ми значи нешто тоа што си претседател? Ништо! За мене си ништо! И запаметете... и ти, а и сите вие... ќе правам што сакам и кога сакам!
ЈОВАН (Гневно оттргнувајќи му ги рацете): Ова да не се повтори, бидејќи сечие трпение има крај!

МИЛАНЕ (Заканувачки отстрана): Се заканувааш, нели? Ајде, ајде само обиди се!
ЈОВАН: Никогаш не сум дозволил да паднам на ниво на уличен тепач. Впрочем, пак те предупредувам: Менувај го односот зашто вака, како што тераш, нема да стигнеш далеку. (Поаѓајќи си кон клупата) Освен тоа, чинам, чинам за твоите истапи мора да поразговарам со директорот!
БУЦКО: Јоване, морам до тоалетот! Се враќам веднаш!
ЈОВАН: Одиме заедно. Само побргу да не задоцниме. (Излегуваат)
МИЛАНЕ (Останувајќи сам со насмевка кон ученичката од првата клупа.): Нели ти се чини дека Јован се вообразил? Нели, срце?
ЈАГОДА (Зачудено): Ти, мене срце!?
МИЛАНЕ (Допирајќи ѝ го образот): А зошто не? Не сум поубав од оној мајмунот кому му седеше во скутот? Се сеќаваш? Вчера попладне во паркот.
ЈАГОДА (Грубо оттргнувајќи му ја раката): Што се вообразуваш човеку? Не дозволувам така да зборуваш за мојата љубов!
МИЛАНЕ: Твојата љубов?
ЈАГОДА: Да, мојата љубов!
МИЛАНЕ: А зарем не сакаш јас да ти бидам љубов?
ЈАГОДА: (Зачудено): Ти, мене љубов?
МИЛАНЕ: (Во обид да ја бакне): Да, јас убавице моја!
ЈАГОДА: Господе, овој сосема полудел! ( Го оттурнува и побегнува надвор од училницата следена од Милане.
ХРИСТО (Влегувајќи со дневник во едната и со историска карта во другата рака подзастанува.): Да не го погрешив класот?
НЕКОИ УЧЕНИЦИ( Гласно): Не, професоре, не! Ние имаме историја!
ХРИСТО (Одејќи понапред): Помислив сум го згрешил класот, но значи, сепак, се наоѓам на вистинското место.
ПОВЕЌЕ УЧЕНИЦИ (Насмеано): Да, да, професоре!
ХРИСТО (Насмеано): Е, па да ви речам, пријатно сум изненаден за ваквата работна дисциплина. Сите ќе добиете по еден плус во мојот педагошки дневник.
ПОВЕЌЕТО УЧЕНИЦИ (Радосно): Браво, професоре,

браво!
ХРИСТО (Задоволен): Така, само така ученици. Со примерна дисциплина и грижливо следење на наставата, успехот е неодминлив. Седнете! (Христо оди кон катедрата, седнува, и го запишува часот. Истовремено, влегува Буцко и по два чекора, застанува.) Назад! Назад! Таму до вратата!
БУЦКО (Враќајќи се до вратата): М...м... Молам, професоре!
ХРИСТО (Сериозно): Молам или не, до вратата! (Буцко стои до вратата без да рече нешто, но во тој миг, во трчање влегува Јован турнувајќи го Буцко и тој паѓа на подот. Смев во класот. Буцко станува.) Тишина! Тишина! (Смирување на учениците) Полека бе луѓе ќе се испотепате!
ЈОВАН (Речиси без здив): Трчав да не задоцнам, професоре!
ХРИСТО: Сепак задоцни. Зошто?
ЈОВАН: Поради бркотницата во клозетот, професоре!
ХРИСТО: А ти , Буцко?
БУЦКО (Малку збунето): Јас? Јас...
ХРИСТО: Да, ти!
БУЦКО: Го чував Јован, професоре! (Смев во класот)
ХРИСТО: Тишина! (Учениците се смируваат! Од што го чуваше? Од волци? Да не го изедат?
БУЦКО: Не, професоре!
ХРИСТО: Е, од што?
БУЦКО: Од срам, професоре! ( Смев меѓу учениците)
ХРИСТО: Тишина! Тишина! ( Смирување на учениците) Од срам, а?
БУЦКО: Да, професоре!
ХРИСТО (Сериозно): Не те разбирам, Буцко!
БУЦКО: Знаете професоре, немаат врати па, ако еден е внатре, другиот мора да стои пред него! И...
ХРИСТО: И?...
БУЦКО: И... се губи време, но мора да се внимава да не стапне некое...
ХРИСТО: Што некое? Кажи слободно!
БУЦКО: Некое гомно. (Смев во училницата) Што е? Не е така?!

ПОВЕЌЕ УЧЕНИЦИ: Така! Така е!
ХРИСТО: Тишина! Тишина! ( Учениците се смируваат.)
БУЦКО: Професоре?
ХРИСТО: Да.
БУЦКО: Не знам зошто, но општопознато е дека клозетите не се исчистени цела година. Смрди, професоре!
ЈОВАН: Така е, професоре! Не само што заудира од клозетите, туку и од ѓубриштата околу училиштето. Како да не постојат надлежни да се загрижат за хигиената.
ХРИСТО: И двајцата одете на своите места! Но, другпат... (Истиот мигззабивтано влегува Јагода, а потоа и Милане.) А-ха, значи и ти доцниш? (Јован и Буцко одат на место.)
ЈАГОДА (Потивко и срамежливо): Бев во клозетот, професоре!
ХРИСТО: А ти?
МИЛАНЕ (Збунето): Јас... јас... а- ха...ха...ха... (Се смее)
ХРИСТО: (Отсечно): Што се случува со тебе, ученику? Не гледам никаква причина за смеење!
МИЛАНЕ: Доцна?
ХРИСТО: Да. Но, зошто?
МИЛАНЕ (Размислува): М...
ЈАГОДА: Дозволете ми, професоре!
ХРИСТО: Да?
ЈАГОДА: Тој, професоре...
ХРИСТО: Да?
ЈАГОДА: Тој... тоа сите ученички го знаеме...
ХРИСТО: Да?
ЈАГОДА: Дека клозетите се без врати, тој се прикрадува во женскиот оддел и ѕирка.
МИЛАНЕ (Налутено со рацете кон неа): Ќе те задавам!
ХРИСТО (Прекорно): Без закани!
МИЛАНЕ (Гласно): Ќе те задавам!
ЈАГОДА: Не да ме задавиш, туку да престанеш со перверзиите непоправлив воаjеру!
МИЛАНЕ (Нервозно): М... м...
ЈАГОДА: И не само во училиште, туку и надвор е досаден со својот порок. Се крие меѓу грмушките во паркот и гледа како се бакнуваат влубените.
МИЛАНЕ (Брзо зграпчувајќи ја за вратот): Ти, кучко!...

ЈАГОДА (Гласно и исплашено): Помош! Ох... ох... ох...
ХРИСТО (Разделувајќи ги): Пушти ја! Пушти ја, ќе ја задавиш!
ЈАГОДА (Држејќи се за вратот): Воајер! Перверзник!
ХРИСТО (Налутено): Доста! Ни збор! Милане, ако е вистина тоа што го чув, мислам дека треба да побараш совет од психијатар. Млад си и верувам дека состојбата ќе ти се измени.
МИЛАНЕ (Нервозно): Ме правиш луд, а? Луд, нели?
ХРИСТО (Убедливо): Не реков така! Сакам да ти помогнам. Млад си и искрено верувам дека проблемов, доколку навистина постои, бргу ќе се надмине.
МИЛАНЕ (Нервозно се тресе): Кој си бре ти да ме третираш за луд?
ХРИСТО: Напротив! Тука живеете заедно половина од денот и треба да дишете со еден другарски дух и здив, а не да се карате и навредувате.
МИЛАНЕ: (Поаѓајки кон клупата): Ти! Ќе видиш!(седнува ставајки ги нозете врз клупата. И Јагода оди на своето место.)
ХРИСТО: (Му се приближува малку): Нозете долу и однесувај се пристојно!
МИЛАНЕ: Е, не сакам! Симни ги ти ако смееш!
БУЦКО (Свртувајки се назад): Симни ги бе, смрдат на мртов пес!
МИЛАНЕ: Јазикот в уста, бидејќи ќе ти ги ставам под носот!
ХРИСТО (Мирно седнат покрај катедрата): Отсутни?
БУЦКО (Станува): Нема, почитуван, професоре! (Седнува)
ХРИСТО (Станува, ја зема картата и ја става на ѕидот почнувајќи да раскажува со движење.): Денеска ќе се запознаеме со Македонија во времето на Александар Македонски. Тој величествен Македонец, водач, војсководител, стратег, владетел и господар, благодарение на својата способност и храброст, успеал да создаде моќна Македонска држава и во поширока смисла, краткотрајна најмоќна империја.
ЈОВИЦА (Крева рака): Професоре! Професоре!
ХРИСТО: Да, Јовица!

ЈОВИЦА (Станува): Александар не бил Македонец!
ХРИСТО (Зачудено ): А, што бил?
ЈОВИЦА: Грк, професоре!
ХРИСТО (Изненадено): Грк.
ЈОВИЦА: Да, Грк.
ХРИСТО: Што зборуваш, Јовица?
ЈОВИЦА: Факти, професоре, факти.
ХРИСТО: Факти!? Каде ги прочита тие факти?
ЈОВИЦА: Татко ми ми рече. Како студент во Белград читал многу и, дознал дека и Филип и Александар се Грци.
ХРИСТО (Гласно и налутено): Слушај момче! Татко ти веројатно чита литература но, сепак, тој не е историчар и не прави разлика меѓу факти и фалсфикати.
ЈОВИЦА: Ама, татко ми...
ХРИСТО (Го прекинува): Седи! Јас предавам историја, а не татко ти. (Јовица седнува.) Понатаму, на дваесетгодишна возраст тој стапил на престолот и во 334 година пред нашата ера, го освоил западниот дел на Персиската држава. Брзото напредување на Александар го потпомогнале малоазиските Грци и...
ЈОВИЦА (Станува и го прекинува.): Гледаш ли! Тој бил Грк и малоазиските Грци го потпомогнале.
ХРИСТО (Налутено земајќи го учебникот од катедрата и покажувајќи го): Ученици, јас предавам по овој учебник и за мене ова е вистината. Тука се фактите од најпознати светски научници, за кои татко ти никогаш не чул. И запомни - додека предавам не сакам да слушам ни збор!
ЈОВАН (Од место): Седи, бе тапоглавец! Да не постои протекцијата, нема да мрднеш од прва година.
ЈАГОДА (Дофрлува): Јовица минус протекција, еднакво на ништо!
ЈОВИЦА: Глупаци! Завидувате дека сум одличен!
ЈОВАН: Се разбира со протекција! Нѐ сметаш за слепи?
ХРИСТО: Седи, Јовица!
ЈОВИЦА (Седнува незадоволен): Вие така мислите...
ХРИСТО (Надвор силни удари од канти, со чудење): Што е? Што се случува?
БУЦКО (Станува): Не грижете се, професоре, чистачките ги чистат ходниците, ги полнат кантите за ѓубре и ги

фрлаат преку прозорците право во камионот. Патентиран изум на хронична мрзливост, професоре!
ХРИСТО: Значи, и тоа се случува?!
ЈОВАН (Станува): Да, да, професоре! Но, секогаш е така кога тој што треба да воспостави ред, не се поткрева од фотелјата.
ХРИСТО: Но, да продолжиме, седнете! (Јован и Буцко седнуваат. Покажува на таблата.) Во Мала Азија живееле Грци, од кои, голем број се приклучиле кон војската на Александар. По уништувањето на градот Тир, во 332 година, и по падот на Газа, патот кон Египет бил отворен. (Покажува на картата) Во Египет бил свечено пречекан и прогласен за син на Амон. Крвавата битка во Вавилонија (кај Гавгамела, во 331 год.) ја решила судбината на Персија, а царот Дариј III бил принуден на бегство, а потоа бил фатен и убиен. Наскоро навлегол и во Индија, меѓутоа, трагичната смрт во 323 година го ставила крајот на триумфалните походи. Толку за овој час, а за распаѓањето на Александровото македонско царство следниот час. (Кон Јовица) Јовица, да слушнеме што ќе ни кажеш за создавањето на античката Македонска држава?
ЈОВИЦА (Станува): Која античка Македонска држава?
ХРИСТО: Онаа на кралот Пердика и неговите наследници.
ЈОВИЦА (Налутено): Мене ми е познато само тоа дека се работи само за грчки, а не и за македонски кралеви.
ХРИСТО: Веројатно ти е познато како се нарекувале античките Грци?
ЈОВИЦА: Да, Елини!
ХРИСТО: Така. Така. А како Демостен ги нарекувал античките македонски племиња од кои, всушност, потекнуваат и Филип и неговиот син Александар?
ЈОВИЦА (Налутено): Не знам!
ХРИСТО: Па, како и обично! И, да бидам искрен, не се надевав дека ќе знаеш. Јовица - единица!
А одговорот е - Варвари. Да, да, Јовица, ги викале Варвари, а не Елини или Грци, бидејќи тоа никогаш и не биле!
ЈОВИЦА (Седнувајќи плачевно): Не, не и не! Така е како што вели татко ми!
ХРИСТО (Сериозно): Убеден сум дека ти си најмалку ви-

новен за сопствените заблуди. Но, така е секогаш кога нездравите гледишта на родителите ќе отседнат врз разумот на децата.

ЈОВИЦА (Станува): Татко ми отсекогаш имал право! Нека ми одговори некој што всушност сме ние?

МНОШТВО УЧЕНИЦИ ВО ЕДЕН ГЛАС: Македонци!

МИЛАНЕ (Удира со раката врз клупата): Доста! Не дозволувам да ме вовлекуваш во вакви лаги. И без двоумење ќе ти речам: од твоите предавања ми се гади!

ХРИСТО (Сериозно): Јас сè што предавам е според наставниот план и програма. И според учебник што се темели врз неговите факти.

МИЛАНЕ (Излегува и му се приближува на Христо): Ти! Ти! Ти си тој што се служи со фалсификати! И тој твој учебник е најобичен арсенал преполн со лаги.

ХРИСТО (Нагласено и со историјата в рака): Оваа историја што ја држам в рака и од која предавам, е македонска историја, пишувана врз основа на факти и неа ќе ја браниме од секој што ќе посегне да ја измени и присвои. Зашто, сакајќи да ја присвои неа, всушност, се обидува да нè присвои и нас како народ.

МИЛАНЕ (Се смее): Ха-ха-ха... "Оваа историја"... Оваа историја ни најмалку не ме интересира, а предавачот пак, уште помалку!

ЈАГОДА (Низ гнев): Ти гадинко мрзелива... Како се осмелуваш да разговараш вака со професорот!? Зарем ти со својата злобна душа против неговото благородно срце?! Ти гнасотијо оформена во човечко суштество!

МИЛАНЕ (Со иронија): А-ха?! Кој ми го вели тоа ? Ако не се лажам, нели беше ти онаа од паркот? Онаа со мајмунот?

ЈОВАН (Нервозно): Сега ја претера! (Поаѓајќи кон него) Чинам, доста ти беа две години за ризницата глупости! Некој мора да го удри почетокот на крајот!

МИЛАНЕ (Заканувачки): Ако случајно си наумил да се тепаш... (Истакнувајќи ги мускулите на рацете) Те советувам... припомни си го првиот случај со кошаркарскиот тренер!... Инаку... ако е до мене... дамнешна желба ми е во долгиот список на истепаните да допишам и еден претседател на клас! (Со истегнати тупаници и во боречки став)

Повели, повели ако толку ти се присакал болничкиот кревет!
ХРИСТО (Гласно): Доста со меѓусебни закачки!
ЈОВАН (Заканувачки): Ти мене...
ХРИСТО: Реков доста! (Ѕвончето ѕвони. Христо ги зема картата и дневникот и, излегува од училницата.)
ЈОВАН (Одлучно поаѓајќи кон Милане): Ти на мене!
МИЛАНЕ: А, ти ли?
ЈОВАН: Макар што никогаш нема да си простам за инцидентов, но морам да го сторам ова. (Замавнува и го погодува со тупаница в лице) Еве ти за твоите глупости без'рбетнику!
МИЛАНЕ (Паѓајќи на земја): Ти?! Ти мене да ме удриш? (Станувајќи брзо) Сега си готов! Мртов си, глупчо! (Полетува кон Јована и го зграпчува околу половината. (Караница и тепачка меѓу клупите)
ЈОВИЦА (Истрчувајќи кон обајцата и зграпчувајќи го Јована зад грб): Кого удираш бре ти, насилнику?! И зошто? Бидејќи ти ја рече вистината за вашата историја? Штом сакаш да се тепаш, еве ти (Го удира тупаница) Еве ти уште една!... (Удирајќи го) и уште една (Пак удирајќи го) За да знаеш дека Србин никогаш не се тепа без причина, и уште... (Пак замавнува)
БУЦКО (Моментално наоѓајќи се покрај нив и запирајќи го ударот од Јовица): Значи пак кукавичлакот српски, нели? Е, тоа не бидува повеќе, Србине! Сакаш борба... тогаш нека биде фер! Е, па еве ти за кукавичлакот (Го удира неколку тупаници. Во класот викотници и џагор. Неколку ученици се вмешуваат и се обидуваат да ги разделат. Џагорот продолжува и при спуштањето на завесата)

## СЦЕНА 2
(На класен совет за трета година)

Класниот совет се одржува во училница. Пред клупите стол и маса за претседавачот, а понастрана друг стол и маса за записничарот. Класните раководители ги имаат со себе дневниците. На преден план се: Драгиша, Христо, Македонка и Драгица. Драгиша се движи во празниот простор во очекување на директорот и секретарката.

ХРИСТО (Станува): Колешки и колеги, предлагам да си одиме! Мислам, доста е што чекаме веќе половина час.
ДРАГИША (Подбивно): Ако некому не му се чека, нека си оди!
ХРИСТО (Оди понастрана): И си одам! А како што чувствувам и гледам расположението е исто и кај другите.
ДРАГИША: Хм! Те држи некој со сила? Само не заборавај - должноста го бара тоа од нас!
ХРИСТО: Тогаш, нашата должноста е извршена. А тоа, што некој друг заборавил на својата должност, ние воопшто не сме виновни.
МАКЕДОНКА (Станувајќи налутено): Така е , си одиме!
ДРАГИЦА (Станувајќи и со ист тон): И јас си одам! Мислам доцнењето му е навика на нашиот почитуван директор!
ДРАГИША (Надвикувајќи го џагорот): Момент! Причекајте да видам дали доаѓаат директорот Душан и секретарката Шумадинка! (Излегува. Наскоро се враќа.) Не одете си, доаѓаат!
ДУШАН (Со папка в рака и со насмевка): Колега Христо!... Колешке Македонка!... Колешке Драгица!... Претпоставувам, сакате да си одите!?
ХРИСТО (Нагласено): Па, по толку доцнење, немавме поинаков избор!
ДРАГИЦА (Незадоволна): Се чека пет-десет минути , но половина час!? Е тоа, тоа е претерано!
ШУМАДИНКА (Со записничка тетратка и нагласено): Ако треба, ќе чекате и цел ден! Не заборавајте дека многу млади професори чекаат вработување!
ДРАГИЦА (Сериозно): Да, но и многу млади правници ја

чекаат својата шанса!
МАКЕДОНКА (Налутено): И веројатно без порок за доцнење!
ДУШАН: Без прекинување, ве молам! Седнете! (Сите седнуваат на своите места.)
ДРАГИША (Брзо потрчува и го чисти столот на директорот): Повелете, директоре! Повелете!
ДУШАН (Културно седнувајќи): Благодарам! Благодарам!
ДРАГИША: Молам, молам директоре!
(Оди и седнува на еден стол напред.)
ДУШАН: Простете, навистина многу задоцнив, но излегоа непредвидени работи па,... Но, сега, дозволете ми да го прочитам Дневниот ред:

1. Утврдување на успехот од тримесечјето;
2. Изрекување педагошки мерки;
3. Разно.

Дали се усвојува Дневниот ред?
ХРИСТО (Брзо станува и гласно): Не! Јас би предложил...
ДРАГИША (Станувајќи налутено и зајадливо): Хм! "Јас би предложил!" Што има ти да предлагаш кога директорот веќе предложи! Кој знае што "бисер" ти родил умот?!
ХРИСТО (Сериозно): Колега, најкултурно те молам - зачувај си ја малициозноста за друго место! Освен тоа, на многумина од нас, доста им е од твоите "бисери".
ШУМАДИНКА (Прекинувајќи го гласно): Дали и овој дуел да го запишам, директоре?
ДУШАН (Одважно): Не, не, никако. Доколку се јави нешто посериозно, запиши! Но, колега Христо, сакаше да предложиш нешто! Повели, повели!
ХРИСТО: Предлагам прва точка да биде: Текот на наставата во третиот извештаен период; втора - Разгледување на успехот во третиот извештаен период; трета - Анализа на редовноста, дисциплината и изрекување педагошки мерки и четврта точка - Разно. Се разбира, под последната точка да се разгледаат некои дополнителни актуелности и евентуално доставени приговори.
ДРАГИША (Подбивно): Хм! Реков јас - умот му родил "бисер"! Не се согласува со директоровиот Дневен ред, а ваму го предложува истото.

ХРИСТО (Отсечно): Јас не би го рекол тоа.

ДРАГИША: Не би го рекол, ама, го рече! Предложи го тоа што ни предложи и директорот!

МАКЕДОНКА (Станувајќи): Според мене, Дневниот ред на колегата Христо е подобар. Особено затоа што првата точка е новододадена и е многу значајна, бидејќи се однесува на реализирањето на наставно-образовниот процес.

ДРАГИША: Јас сум за оној кој го предложи директорот.

ШУМАДИНКА (Погласно): Ве молам, дискутирајте само по добиен збор. Вака како што терате, не ќе можам да запишам сè.

ДУШАН (Гласно и малку налутено): Молам! Молам! Тишина! (Драгиша, Христо и Македонка седнуваат.) Ги ставам на гласање двата предлога. Кој е за мојот Дневен ред, а кој, за оној на колегата Христо? Првин го ставам на гласање мојот Дневен ред! Кој е - за? (Ги брои гласовите) Еден јас... два Драгиша и три Шумадинка. (Незадоволно) Кој е за Дневниот ред на колегата...

ХРИСТО (Од местото): Христо.

ДУШАН (Подбивно): Христо, да.

ДРАГИША (Подбивно од местото): Стекнувам убедување дека колегата Христо атакува на личноста и авторитетот на нашиот ценет директор!

ХРИСТО (Свртувајќи се кон него): Напротив колега, му помагам. Се обидувам да придонесам колку што е можно за училиштето!

ДРАГИША (Со иронија): Ако не, случајно се замислуваш во неговата фотелја?!

ДУШАН: Тишина, ве молам! Кој е за Дневниот ред на колегата?

(Ги брои гласовите) Еден, два, три, четири, пет... сите останати. Значи, одиме по Дневниот ред на колегата. Како беше?

ШУМАДИНКА (Го потсетува): Текот на наставата во третиот извештаен период.

ДУШАН: Да, да. Некоја забелешка по точкава? (Пауза. Договарање меѓу присутните. Нема дискусија.) Има, или нема? Значи, нема! Да заклучиме дека наставниот материјал по предмети се предава редовно според годишните

планирања и распределби. Како директор, мене навистина ми е мило. Одиме на втората точка, како беше?

ШУМАДИНКА (Го потсетува): Разгледување на успехот во третиот извештаен период.

ДУШАН (Горделиво): Да, да! Во интерес на времето, предлагам втората и третата точка да ги поврземе за да можат класните раководители целосно да ни ги изнесат подготвените извештаи. Се согласувате?

ПОВЕЌЕТО ПРИСУТНИ: Да, да! Може! Да, зошто да не!?

ДУШАН: Тогаш, колега Драгиша, како класен раководител на IIIа клас, повели!

ДРАГИША (Со дневникот и столот оди и седнува до директорот): Вака, тука е повидливо и поудобно... Како класен раководител на IIIа клас, во однос на успехот по предмети, состојбата со слабите оценки е следна: македонски - 5 слаби, англиски - 5 слаби, математика - 8 слаби, историја - 3 слаби, а десетмина се неоценети. Што значи, бројката од десетте неоценети по предметот историја, ни кажува дека предметниот професор на ефективната работа не ѝ посветил никакво внимание.

ХРИСТО (Сосема рамнодушно): Навистина е тешко за човека да постои под товарот на малициозноста. Но, тоа е главна специфика на секоја затруена душа. Јас веднаш ќе објаснам. Десеттемина што фигурираат неоценети, се всушност проверени и имаат слаби оценки, но не се впишани, зашто лично сум убеден дека во нив има потенцијал и можат да постигнат повеќе.

ДРАГИША (Подбивно): И, мислиш ме убеди? Но, да... понатаму што се однесува до дисциплината и поведението има два ученика со 30 неоправдени изостаноци, па за нив предлагам Наставничкиот совет да изрече педагошка казнена мерка отстранување од училиштето. Тоа се учениците Буцко Богданов и Јован Тодоров.

ХРИСТО: Почитувани кокешки и колеги, туку што чувме случај без преседан. Класичен случај на затаена педагошка совест! Верувам, познато ви е, Буцко уште од мал остана без родители и живее со баба му, која, последниве неколку години е неподвижна, и да не речам, без него е сосема беспомошна.

ДРАГИША(Му влегува во збор): Можеби колегата Христо инсистира на толеранција за недисциплина? Или можеби да го благословам неговото отсуство или доцнење на часовите.
ХРИСТО (Игнорирајќи го): Значи, имаме случај во кој, еден наш ученик се соочува со проблеми со какви што дури ние возрасните би имале тешкотии. Да речеме, мора по лекар, по лекови, да пазарува... Се случува и да задоцни.
ДРАГИША (Го прекинува): Колку што знам, колега Христо, ние не сме добротворна организација, туку училиште!
ХРИСТО (Го игнорира): И при сета проблематика, се чудам како наоѓа време за учење. А познато е дека е добар ученик, омилен меѓу соучениците, добродушен и секогаш подготвен секому да помогне.
ДРАГИША (Подбивно): Хм! Да, добар ученик со триесет неоправдани!
ХРИСТО (Смирено и со игнорирање): Особено ме чуди тоа што колегата Драгиша се нафрли и врз Јована. За неговите квалитети доволно говори и фактот што е избран за претседател на класот. Трудољубив, дисциплиниран и со сериозен однос како што не се среќава кај најголемиот број ученици.
ДРАГИША (Со иронија): Што ли уште не ќе слушнам?! Дисциплиниран со триесет неоправдани!
ХРИСТО (Со нагласување): Наспроти нив, во класот постои ученик кој не само што секојдневно отсуствува по еден или два часа, туку често пати го нема на настава и по неколку дена. И замислете, почитувани колеги и колешки, додека на првите двајца задоцнувањата им ги евидентира неоправдани, последниов е секогаш оправдан! Ете, тоа е парадоксот на почитуваниот колега Драгиша Ружиниќ.
ДРАГИША (Со иронија): Некој рекол: "Кога историчарот ќе посака да стане филозоф - очекувајте глупост!" (Гласна смеа од директорот и секретарката. Останатите молчат.) Веројатно мислевте на Милане, така? Е, па... Да, така е! Го оправдувам зашто мајка му секогаш на време ме информира.
ХРИСТО: А што се случува ако ученикот нема родители? Тогаш ти си неговиот родител, колега Драгиша! Но, чинам,

тој ген кај тебе одамна исчезнал.
ДРАГИША (Нагласено): Јас исклучително се придржувам на статутот. Дојде ли родителот - оправдувам, не дојде - не оправдувам.
ХРИСТО: Колега Драгиша, луѓето ги создаваат законите и луѓето се тие што ги менуваат. Токму каков што е и твојот случај: за Јована и Буцко - еден, а за Милане некој сака поинаков закон. Освен тоа постои закон според кој се санкционираат и преголемиот број оправдани отсуствувања од часовите. Или сакате да го прикриете тоа?
ДРАГИША (Налутено): Глупост! Колега, зарем не ти се чини дака твојот цинизам ги надмина границите.
ХРИСТО (Го игнорира): Колку и да се обидуваш да ја затаиш вистината, таа е тука, колега Драгиша. Меѓу нас и со нас. Не заборавајте дека сите овде присутни одржуваме предавања и нормално, знаеме кој, колку пати и кога отсуствувал!
МАКЕДОНКА (Со крената рака): Молам за збор!
ДУШАН: Да, повели колешке!
МАКЕДОНКА (Станува): Ни самата не знам колку пати се случило Милане да отсуствува од часовите по македонски јазик. Ваму отсутен, а надвор се брка со некого низ училишниот двор. И, случајот да биде уште повпечатлив, се вчудовидувам кога ќе прочитам во дневникот дека часовите му се оправдани! Зарем е можно тоа?
ДРАГИША (Самоуверено): Сосема едноставно колешке Македонка. Верувам на зборовите од мајка му. Се работи за исклучителна жена - интелектуалка која дипломира на Белградскиот универзитет и која, патем речено, речиси секогаш, кажаното го потврдува со медицинска белешка.
МАКЕДОНКА (Низ иронија): Медицинска белешка за еден час?
ДРАГИША: Не, за цел ден! Но, замислете колешки и колеги, ученикот е болен, но ученичките обврски ги сфаќа толку сериозно што дури и покрај влошената здравствена состојба, доаѓа на училиште.
МАКЕДОНКА (Со ист тон): Колега Драгиша, познато ни е дека мајка му е лекар специјалист, а тоа говори дека ни најмалку не и претставува проблем да ви донесе цел куп

некакви медицински белешки!
ДРАГИША: Почитувана колешке, за мене медицинската белешка е аргумент. Или, можеби твоите зборови би требало да ги разберам како сомнеж во сериозноста и стручноста на интернистот Радмила Београдиќ.
МАКЕДОНКА: Во стручноста ни најмалку. Меѓутоа, (иронично) чинам сериозната Радмила Београдиќ многу несериозно ја гради иднината на својот единец! Во секој случај, тука сме ние да му помогнеме да го пронајде вистинскиот пат. Ве советувам да дадете предлог за отстранување од училиштето и на Милане. Верувајте ми, воопшто нема да му нанесете зло! Напротив, ќе продолжи во друго училиште, а чинот на отстранувањето ќе го отрезни од летаргијата.
ДРАГИША (Гневно): Не ми се потребни твоите совети, колешке! Ми се чини, тебе треба некој да те советува и да те пробуди од летаргијата поради која не ги разликуваш доброто и злото! И, не дозволувам еден ученик како Милане, да биде спореден со Буцко и Јован!
ДРАГИЦА (Станувајќи и низ револт): Без навреди, колега Драгиша! Всушност, тебе ти е потребно советување. И тебе, а се разбира и на мајка му! Зарем сè уште не сфаќате дека штитејќи го туркаме неповратно во рацете на злото?! Општо познато е дека учеников има потреба од лекување!
ДРАГИША (Подбивно и низ смеа): Ха-ха-ха Колешке, навистина ме изнасмеа. Ти... географичар си или психијатар? Господе, што ли нема да слушнеме?
ДРАГИЦА: Мене воопшто не ме интересираат твоите односи со родителите на ученикот, меѓутоа, очигледно е дека состојбата со неговото однесување е и повеќе од загрижувачка! Впрочем, тоа е мислење и на сите колеги и колешки. На пример, случајот од последниот час по географија.
ДРАГИША (Подбивно): Да слушнеме! Продолжете, продолжете!
ДРАГИЦА: Требаше да зборува за карактеристиките на Егејското море, а тој почна да ги собува чевлите и чорапите и се соблече до појас и почна да зборува најразновидни глупости!

ДРАГИША (Подбивно): Можеби е и така, но сепак еден ваков однос говори дека професорката не успеала во професионалните приближувања на предметот до ученикот.
ДРАГИЦА (Со презир): Премногу си проѕирен колега! Јас само ќе повторам, не ми се познати односите со неговите родители но, Ве уверувам дека патот по кој што го водите ученикот е безнадежно попуст.
МАКЕДОНКА (Се надоврзува): И наместо да го штитиш, разговарај со нив за сериозните проблеми со нивниот син.
ДРАГИЦА (Со надоврзување): Состојбата е и позагрижувачка!
ХРИСТО (Убедливо): Зарем тоа што го чувме, а секако и останатите колеги ќе го потврдат, нели значи дека е крајно време, ученикот да добие соодветен медицински третман?
ДРАГИША (Револтирано): Колега, малку е да те наречам малициозен! Како се осмелуваш да си играш со достоинството на една млада и здрава личност?! Или зад сево ова се крие твојот перфиден план за неговото отстранување од училиштето?
ХРИСТО (Со сериозност): Напротив, алудирам на неговата утрешнина. На патот по кој ќе стаса до вистински човек!
ДРАГИША (Подбивно): Па ти, па ти и овие овде тукушто се обидувате да го уништите!
ХРИСТО: Не, туку да ги присвестиме тие што несвесно го уништуваат. Освен тоа, ученикот има над сто оправдани изостаноци и треба да премине на вонредно школување...
ДУШАН (Прекинувајќи го со висок тон): Доста! Ако вака продолжиме, нема да завршиме цела недела! Имаш предлог?
ХРИСТО: Да! До колку Буцко и Јован бидат дадени на Наставнички совет за отстранување, со пакет нека оди и Милане!
ДУШАН: Запишавте Шумадинке?
ШУМАДИНКА: Да, директоре!
ДУШАН: Има дрУг предлог? (Шепотење меѓу присутните) Има или нема? Значи нема! Тогаш, да гласаме првин за предлогот на класниот раководител! Кој е за предлогот учениците Буцко и Јован да бидат дадени до Нас-

тавничкиот совет за отстранување од училиштето? (Брои гласно) Еден глас - Драгиша, два - јас и... три Шумадинка. Констатирам дека за предлогот гласаа тројца!
ХРИСТО (Крева рака): Молам за збор?
ДУШАН: Повели!
ХРИСТО (Станува): Ако не се лажам, на Класниот совет право на глас имаат директорот и наставниците. Каде е набележено дека истите права ги има и секретарката?!
ДУШАН: Да, да! Тогаш... Значи два гласа! Го ставам на гласање и предлогот на колегата Христо! Кој е за предлогот? (Со крената рака сите освен Драгиша и Душан) Констатирам дека предлогот на колегата Христо е усвоен. А тоа значи, класниот раководител треба да подготви информација за појавите од Милане и истата да ја презентира за разгледување на еден од претстојните совети. Предлогот на класниот раководител за отстранување на Буцко и Јован од училиштето се одбива. (Му дава збор на класниот раководител) Повели, колега Драгиша!
ДРАГИША (Станувајќи): Убеден сум дека ме знаете како исклучително коректен колега за кого вистината отсекогаш била и ќе остане единствената карактеристика во постоењето. Меѓутоа, меѓу нас за жал, постојат колеги за кои ваквите особини на високото човечко достоинство се непознати. Највпечатливиот пример за ова го добиваме од приговорот поднесен од мојот син Јовица,против крајно некоректниот однос и самоволие појавени од страна на колегата Христо. Но, да го прочитам. "Приговарам на слабата оценка по предметот историја, бидејќи истата ми е ставена од исклучително тенденциозни намери. Имено, при сите мои најдобри намери да објаснам и укажам на некои погрешни тврдења за Александар Македонски и неговото потекло и со тоа да ги проширам знаењата на професорот. Тој не само што појави тотална некоректност, туку ми стави и слаба оценка. Го молам Советот да му наложи на професорот по историја да ги преиспита сопствените знаења од областа на историјата и науката, и по корегирање на оценката, да ми се извини за нанесената навреда."
ДРАГИША: Ете тоа е, колешки и колеги приговорот од мо-

јот син Јовица Петриќески.
ХРИСТО (Брзо станува): Што?! Па, ова ги надминува дури и границите на дрскоста!
ДРАГИША (Отсечно и налутено): Седи, не си добил збор!
ХРИСТО: Тогаш, молам за збор?
ДУШАН: Повели!
ХРИСТО: Не мислев да дискутирам за случајов меѓутоа, инсинуациите во приговоров говорат дека преку дрскоста на авторот, не смее да се премине молкум.
ДРАГИША (Го прекинува): Не е твое да пресудуваш дали се работи за дрскост, инсинуација или едноставно за вистина што можеби си сакал свесно да ја прикриеш. Сепак, должиш објаснување!
ХРИСТО: Секако, секако! Па... предавав за Александар Македонски, објаснувајќи им на учениците дека се работи за Антички Македонец кој формирал силна Македонска држава. Кога ученикот Јовица крена рака, му дадов збор но, од она што го чув, се изненадив. Замислете колешки и колеги, синот на нашиот почитуван колега, на крајно дрзок начин, се обиде да ми одржи предавање дека Александар Македонски е Грк. Попусто се обидов да го вразумам. И при сето ова, најзагрижувачко е тоа што рече дека научил од неговиот татко. А, тоа значи дека корените на дрскоста се бараат во инјектираните невистини од страна на родителот.
ДРАГИША (Револтиран): Мислите, Јовица згрешил?
ХРИСТО (Низ иронија): Не толку, колку ти, почитуван колега! Да, да, ти преку твоето влијание и непознавање на историјата!
ДРАГИША: Ми се чини дека ти си силно убеден дека Александар е Македонец. Не колега, не, Александар е Грк! И за мене најавтентични извори за создавањето на неговото кралство се единствено грчките извори. А што се однесува до современите македонски историчари, без колебање ќе ти речам дека ни најмалку не ги почитувам. Едноставно ја фалсификуваат историјата, полагајќи право на туѓа историја и туѓо тло. Накусо - за македонско го земаат грчкото тло, на кое, ете, и во моментов се наоѓаме. Понекогаш се прашувам што би се случило на овие простори кога би

постоела некаква Македонска држава!? И, веднаш доаѓам до заклучок - огромна неправда на блескавата грчка држава и култура!

ХРИСТО (Гневно): Не оспорувај ми го битисувањето без'рбетнику! Освен, ако не се работи за твоето хронично непознавање на историјата, од што всушност го затру и син ти!

ДУШАН (Смирувајќи го наставничкиот џагор од незадоволство): Мир! Тишина, молам! Можеби не сум упатен во некои нешта меѓутоа, дека колегата Драгиша читал многу - ви гарантирам со сопствената чест и достоинство! А најчитаниот секогаш и најмногу знае!

ХРИСТО ( Го прекинува): Што? Лаги? Невистини?

ДРАГИША: Факти, факти колега Христо! И тоа исклучително од грчки извори!

ХРИСТО: Честопати те слушав како се обидуваш да ги разубедиш колешките и колегите во ентитетот на античките Македонци, но мислев дека сѐ е резултат на твоите филистерски потенцијали. Меѓутоа, негирањето на нашата современа Македонска држава ми вели дека твојата болест не ја предизвикал само гркофилскиот вирус!

ДРАГИША (Подбивно): Не гркофилскиот вирус, туку грчката историографија!

ХРИСТО (Нагласено): Можеби е така само тогаш, кога филистерот ќе си дозволи да изигрува истражувач! А што би констатирал ти, кога би студирал во Тирана, и од тамошната "наука" би дознал дека Филип и Александар биле Илири, а Македонија само илирска територија?

ДУШАН (Прекинува): Колега Христо, молам без навреди! Колегата Драгиша зборува за старогрчката држава и култура, а не за Илирите!

ДРАГИША (Налутено): Што да рече човекот кога, кога не ја познава доволно автентичноста на историските извори?!

ХРИСТО (Подбивно): Ова што го чув е навреда, но штом е од тебе, го разбирам само како уште еден блескав егзамплар на тотален лаицизам. Но, колку да ти помогнам да научиш и нешто од светската историографија, ќе те замолам да размислуваш или прочиташ, зошто Демостен античките Македонци ги нарекувал Варвари?

ДРАГИША (Збунето): Јас...
ХРИСТО (Сосема смирено): И сè дури твојот син во тебе гледа учебник по историја, нема да добие преодна оценка. Те напоменувам, не се обидувај како претходните години да измолиш одлична оценка!
ДРАГИША (Почнува да трепери од лутина.): И јас ти напоменувам: Синот ми мора да биде најдобар во класот, и уште - ќе учи автентична историја од автентични грчки извори. А овие фалсфикати од македонски историчари, нема да дозволам да ги чита! И уште нешто: Да ти се испомочам во твојата одлична оценка!
МАКЕДОНКА (Од место): Леле! Зарем и тоа е можно?
ХРИСТО: Под овие нездрави стреи сè е можно, почитувана колешке!
ДУШАН (Со прекор): Колега Христо, не дозволувам иронизирање! Претпоставувам алудираш на функцијата директор!
ДРАГИЦА (Гневно): Не дозволуваш иронизирање, а ваму поддржуваш негирање на сè што е македонско! Зарем не ве здоболи тоа што овој без'рбетник највулгарно ги прогласи македонските историчари за фалсификатори; ја прегази постојната македонска држава и на крајот, се испомоча врз оценката на колегата Христо!
МАКЕДОНКА (Гневно): Ако му е толку до сина му, тогаш наместо да моли одлични оценки по колегите, нека го потера да учи! Ме чуди зошто не поднел приговор и против слабата оценка по македонски јазик!
ДРАГИША (Со иронија): А кој рекол дека не поднел? Не брзај колешке, и тебе ќе ти дојде редот! Ќе се погрижам јас сите да си го добиете заслуженото!
МАКЕДОНКА: Е, па, тоа што заслужи - синот ти и доби! А од ова што досега чув, констатирам дека ученикот е затруен од тебе. Замислете, ми вели дека српските поети мора да се изучуваат на српски!?
ДРАГИША: Да! И треба, зашто и поинаку се губи духот на српскиот јазик!
ДРАГИЦА (Иронично): Тогаш, значи Бајрон би требало да се изучува на англиски јазик!?
МАКЕДОНКА (Убедливо и нагласено): На часот по маке-

донски јазик се знае што и како се изучува! Постои програма, и се работи во сè според духот на прописите и наставниот план.
ДРАГИША: Но, не заборавај дека ние сме тука пред сè со највозвишената цел да го афирмираме духот на југословенскиот патриотизам!
МАКЕДОНКА (Го прекинува): И духот на македонскиот патриотизам!
ДРАГИША (Зачудено): Што рече! Повтори уште еднаш!?
МАКЕДОНКА: Реков - и македонскиот патриотизам!
ДРАГИША (Заканувачки): А-ха, а-ха! Значи - национализам! Ситниот македонски национализам против југословенското единство! Така, нели? Значи, го откри волкот своето дувло! Па, почитувана колешке, за овие ваши националистички идеи ќе стане збор на наредната седница на Основната организација на СКЈ!
МАКЕДОНКА (Гневно): Слушај ти излигавен неандерталецу! Дека нема ум - докажа со тоа што го уништи сина си! Меѓутоа, не дозволувам твојот лаицизам да ме преобрази во државен непријател!
ДРАГИША: Не рече?! Не рече македонски патриотизам?
МАКЕДОНКА: Реков и ако бараш стопати ќе повторам. Со векови сонуваме за своја држава и сега, кога ја имаме, да си ја зачуваме со сите територијални, етнички и јазични вредности!
ДРАГИША: Тоа де, тоа е национализам! Ситниот македонски национализам против југословенското заедништво.
ХРИСТО (Гневно): Каде бре ти, филистеру во сè ова гледаш непријател на југословенското заедништво? И дали воопшто е грев да се сака својот народ и својата татковина?
ДРАГИША (Го прекинува): Знам јас, знам, таа токму што мисли!
ДРАГИЦА (Подбивно): Барем таа мисли! Тој никогаш не мисли! Понекогаш се сомневам, дека со учење дошол до диплома!
МАКЕДОНКА: И покрај сè не го сметам. Полтронството создава полтрони!
ХРИСТО (Нагласено): За жал, тоа е нашата вистина. Да ги

преследиме последниве три години. Дисциплината е катастрофална; по ходниците хаотична атмосфера, а учениците и техничкиот персонал, без најмала контрола. Јавна тајна е секојдневното доцнење на работа, така како што е јавна тајна и сè позачестеното предвремено ѕвонење за завршување на часовите. А за загрижувачката хигиена во и околу училиштето, да не стане и збор. Малку е да го именувам со депонија, зашто дури и таму надлежните ставиле некаков ред!

МАКЕДОНКА: А, тоа значи дека е крајно време да ги ставиме на претрес и причините за состојбиве!

ХРИСТО: И тоа е јавна тајна! Но, понатаму, не може да продолжи вака!

ДРАГИША (Прекинувајќи го и приближувајќи му се): Срамота! Мислиш не знам кого го земаш за виновен, нели? Или можеби ако го обвиниш директорот, фотелјата ќе ти припадне тебе? Така ли? Или можеби дека е Србин, а? Еј, човеку, присвести се, токму од авторитетот и способностите на тој Србин ги прехрануваме семејствата! И што му недостига бе на училиштево? Земаш плата? Земаш? И? Измислуваш некаква хаотична состојба за да оцрниш еден честит и беспрекорен раководител! Дека постои хаос, постои, но веројатно се случува во твојот ум!

МАКЕДОНКА (Иронично): Не реков јас?... Полтронството создава полтрони! Е, па, еве ви го првиот пример!

ШУМАДИНКА (Налутено одместо): Глупачка! На чиј авторитет и потпис земаш плата, мори, на чиј? Неблагодарни кретени!

ДРАГИЦА (Со остар акцент): Ја молам секретарката уличниот жаргон да го зачува за улица. А што се однесува до потписот, тоа му е единствената работа што умее да ја работи!

ШУМАДИНКА: По сè изгледа и тебе ти се закачило за срце да директоруваш, нели?

ДРАГИЦА: Со твој жаргон речено - ми се закачило за срце да имаме директор кој ќе умее да ги надмине состојбиве. Вака, вака повеќе не оди, почитувани колешки и колеги! Нешто мора да се менува!

ДРАГИША: Чувте ли? Чувте ли, другар директор? Христо!!!

Да, да, тоа се неговите зборови! Колку пати ви реков да го избркаме зашто епидемијата што ја шири, ќе ги зафати сите! (Кон сите останати) Но, нема да ви успее. Не, не, илјадапати не! Знаете ли бе вие, кој го постави овој прекрасен човек за директор? Белград, Белград, глупаци безнадежни. И само Белград може да го разреши! Или мислите дека оние во Собранието и Комитетот ќе ве слушаат вас? И тие играат само така како што ќе реши Белград! Белград веќе еднаш решил: тој ќе биде директор и никој друг! (Кон Христо) А ти подбуцнувачу епидемичен, сонувај! Колку сакаш сонувај за директорската фотелја!
ХРИСТО: Макар што реченото не заслужува реплика, сепак, ќе напоменам - воопшто не сум размислувал за директорската фотелја! Се разбира, освен за личноста на постојниот директор како главен виновник за сите состојби во училиштето! А тие во Белград, знаат ли што работи нивниот штитеник? Претпоставувам, не го испратиле да го разурне и тоа што е создадено и изградено! Или, можеби и тоа му се дел од обврските!
ДУШАН: Молам, без навреди. Дискутирајте колку што ви сака душата, меѓутоа ве предупредувам - за се морам да ги известам надлежните во Белград!
ХРИСТО: Колку што ми е познато, ние сме под надлежност на Скопје, и особено сум изненаден од ова што го чув дека нашиот директор бил назначен од Белград. Ценејќи според залагањето, веројатно Белград ни ги назначил и чистачките! Ах, тој Белград, Белград!
ДРАГИША (Налутено): Заедница! Престани проклет бунтовнику против југословенството! Престани, оти и тебе ќе те исклучам од СКЈ!
ХРИСТО (Подбивно): Кога би знаел колку те сожалувам, засекогаш би го напуштил училиштето! Ги побрка световите колега Драгиша, ги побрка! Дури, го сожалувам и Белград штом има доверба во секретари на партијата кои не си го познаваат членството што го водат. Колега Драгиша, јас никогаш не сум бил, ниту пак ќе станам член на твојот СКЈ.
ДРАГИША (Заканувачки): Та-а-ка, та-а-ка колега! Значи мојот СКЈ! Ти, значи, не ја признаваш и авангардата на

пролетаријатот. Таа што ти донесе слобода под светлите стреи на југословенското братство! И ако досега не си знаел, тоа што ги одобри средствата за изградба на училиштево во кое, за жал, се вработивте ти, а и сите овие неблагодарни бунтовници! Но, ве уверувам, не ќе заврши туку-така оваа диверзија.

МАКЕДОНКА (Иронично): Мене ми е познато пак, дека средствата за изградба на училиштето се одобрени од македонски извори!

ДРАГИША (Удирајќи во клупа): Молкни мори ислужена мивко! Какви македонски извори! Белград, еј глупаво жениште, Белград е сè на овие простори! Македонски извори, Македонија... Сè почнува и се завршува во Белград. Се прашувам, дали ви е познато што се случува со таканаречените македонски раководители штом ги повикаат во Белград? Не знаете, нели? Со денови чекаат на прием и единствениот разговор што го водат е со шефот на Обезбедувањето на Сојузната влада кој што им ги предава запечатените писмени наредби! Ве опоменувам, внимавајте во сè што се впуштате, зашто отказните решенија сосем едноставно се потпишуват!

МАКЕДОНКА (Иронично): Но, некој рекол: "И директорите да се менуваат!"

ДУШАН (Со удирање врз масата): Доста! Тишина! Констатирам дека седницата на Советот не е ништо друго освен еден долго време подготвуван бунт од група професори, во чии идејни настројби сосема јасно ги препознавам не само антијугословенските пулсации проткаени дури и со тесноградeн македонски сепаратизам. Од тие причини, ја прекинувам седницата на Советот, а продолжението ќе биде презакажано по извршените консултации со одредени значајни општествено-политички фактори! (Кон Шумадинка и Драгиша): Си одиме! (Поаѓаат брзо кон вратата.)

МАКЕДОНКА: Си отидоа!

ДРАГИЦА: Да, си отидоа!

ХРИСТО: Не им е првпат!

(Затемнување)

## СЦЕНА 3
## (Во канцеларијата на директорот)

Канцеларијата на директорот. Покрај еден од средишните ѕидови маса со фотелја. На масата телефон, телефонски именик и работен дневник. На ѕидот зад масата уметничка слика - акт на жена, а десно, подолу од неа, годишен календар. Лево од масата - масичка со четири стола, а во спротивниот агол географски и историски карти и кутија со креди. На спротивниот ѕид од масата закачалка за облека. Директорот влегува во канцеларијата. Нестрплив, подналутен вади од фиоката шише со ракија и чашка, налева, отпива голтка и по кусо размислување, посега по телефонот и ѕвони.

ДУШАН (Во очекување на бараниот): Уф! Зафатено! Глупави македонски пошти! Како и тие да се збратимиле против Белград! (Пак ѕвони) Конечно... Ало? Професор Џорџевиќ? О-хо! Здраво другар, како си? Добар, а ? Така, така, од добрини глава да не кренеш! Јас? Проблеми, проблеми, другар! Поради што? Бунт! Да, да бунт со јасно нагласени антидржавни и сепаратистички тенденции! Да, да, и против мене. Да, пријава? Кому и кого да пријавам во ова сепаратистичко дувло, брате Бранимире?! Да! И против мене, лично против мене како Србин! Постапив! Да, да, во сè според она што ми беше наредено! Не знам како е со другите наши директори низ нивната самонаречена Македонија, меѓутоа тука не оди, брате Бранимире! Од сите што ги вработивме во училиштето, само двајца. Па... Шумадинка, наша Србинка и некој Петриќески по потекло од старо србофилско семејство. Привилегии? И повеќе одошто и можеш да си замислиш! Едноставно за некои работи сум и глув и слеп. Лукави се, премногу се лукави, Бранимире! Користат сè, а за возврат не ветуваат ништо. Дури и техничкиот персонал. Им гледам низ прсти, а тие пак своето. Меѓу учениците слабо. Одвај десеттина ученици. Со нив работи оној лесноумниот Петриќески. Се надевам на подобри денови меѓутоа, првин да го задушам бунтот. Разговарај со нашите да ги притиснат оние од скоп-

ската ДБ за притисок врз бунтовниците. Те молам, уште нешто! Дознав дека синот на водачот на бунтот е кај тебе. Да, на Електро-машинскиот факултет, Стојче Христо Тодоровски. Ај, здраво! (Ја спушта слушалката, ги трие дланките радосно и отпива до чашката ракија. Повторно телефонира.) А-ха, добив! Ало? Професор Спасиќ?... Здраво роднино! Слушај брате, дознав дека кај тебе на Светска книжевност студира лицето Божана Ристова. Брате Спасое, погрижи се личноста никогаш да не излезе од втора година. Не е фер? А тоа што мајка ѝ некаква мивка што предава македонски јазик, сака мене да ме уништи? И ако ти речам дека е водач на бунтот против мене и закоравен србофоб?! Не си знаел, ама сега знаеш!... Така... Од втора година веднаш в болница. Ај, здраво и дослушање. (Ја спушта слушалката, заканувачки удира врз масата, си налева ракија и задоволно се напива. Чукање на вратата.) Да! Да!

ШУМАДИНКА (Влегувајќи и заклучувајќи ја вратата): Убавецу да влезам?

ДУШАН (Со ведар тон и израз): Да! Да! Секако! Веќе влеговте, повелете!

ШУМАДИНКА (Приближувајќи му се со насмевка): Поштата, убавецу мој!

ДУШАН (Земајќи ја и ставајќи ја на масата): Благодарам, благодарам, божествена убавице моја!

ШУМАДИНКА: Ако не се лажам, зад овој прикриен насмев како да навира тежок неспокој! Така?

ДУШАН (Со сериозно лице): Ти се восхитувам, убавице. Само ти можеш да ја разбереш мојата искрена душа. Советот... оној историчарот кој ги организира малоумниците... Сè ми е преку глава!

ШУМАДИНКА (Утешно): И ти, мојата светлина, дозволи да се вознемириш поради збирштината? Срамота! Сè во свое време, миличок! А кога Србинот ќе започне да враќа, е тогаш, дури и смртта е преблага казна!

ДУШАН : Проклета бунтовничка банда! Неблагодарници!

ШУМАДИНКА: Во нецивилизираните краишта благодарноста е само мисловна именка, миличок. Мислеше, ќе ти ракоплескаат што ги вработи!

ДУШАН: Им реков јас на нашите уште кога се роди идејата за општосрпската генеза! Грешите луѓе, грешите! Не бидува "пирејот лозје!" А тие: "Лесно е со нив Душане, не им ги гледаш раководителите? Послушни, покорни, усти имаат, а јазикот им се исушил! За да останат на власт, самите ќе се испотепаат! Планот е брилијантен! Ќе инвестираме во педесеттина училишта, ќе вработиме над илјада професори и преку нив ќе им ги земаме младите! Твое е да го пронајдеш кадарот. Невработени колку сакаш, меѓутоа, сепак, барај од оние што студирале во Белград!"
ШУМАДИНКА (Умилкувачки): Не бидува пирејот лозје! Колку умно си им рекол!? Умен си ти миличок, умен! Но, не биди песимист! Исто е со овие овде! Присети се на историјата. По војната бараа самостојност, но нашите наредија да го затворат Ченто, а потоа останатите сами се испоклаа! И ти стори така! Протерај им го водачот на бунтот и, останатите ти се во дланка! (Впивајќи се во него) Така, само така, само така убавецу мој... (Го прекинува, подавајќи му ги усните) Така, љубов моја... и господар си на ситуацијата! Тогаш сите мора да го слушаат секој твој збор.
ДУШАН (Низ миговно разведрување): Ти? Ти си, навистина најумното суштество што сум го сретнал. Дури сега знам оти судбината сакаше да те сретнам! Шумадинка, ти си мојата судбина, мојата среќа, мојата иднина... (Паѓаат во подолг страстен бакнеж) Ти си единствениот блесок на овој хоризонт... единствената топлина меѓу овие грозни каријатиди... (Спуштајќи ги рацете врз колковите) Љубов моја... мислев никогаш нема да се исполни сонот да бидеш моја. Колку си убава!... Не знам дали си жена или божица! Не, ти не си жена... Какви божествени колкови... (Ги спушта рацете врз бутините) И ова ми припаѓа, нели?
ШУМАДИНКА (Со пријатна воздишка ): Да, да мил мој. Сè мое е и твое! (Низ тешко дишење) Да, мил мој! (Пак паѓаат во долг и страстен бакнеж)
ДУШАН: Ох, мила, колку сум среќен! Најпосле... (Ја бакнува страсно) Најпосле е моја жената што ја сонував толку долго! А толку бессони ноќи пробдеа мојава душа, во силен копнеж по ова прекрасно лице... по овие опојни усни... по ова тело... (Бакнувајќи ја по секој изговор) Зарем

е вистински мигов? Зарем не сонувам? Моја си, нели? Сѐ е мое... (Ја пофаќа по нозете) Сѐ, сѐ е мое... Оф, колку сум среќен! (Бакнувајќи ја страсно насекаде по лицето и по вратот) Оф, не можам... не можам повеќе!... Морам... морам да те земам...

ШУМАДИНКА (Низ длабоко страсно дишење): И јас... и јас го чувствувам истото Душане, и јас не можам повеќе вака... Оф...оф..., но... првин вети ми мил мој... Првин вети ми...

ДУШАН (Растреперен од возбуда): Ти ветувам... ти ветувам убавице моја... Сѐ што посакаш... Дури и животот...

ШУМАДИНКА (Возвраќајќи страсно на бакнежи): Вети ми... вети ми дека ќе ти бидам жена! Дека ќе бидеме секогаш заедно... засекогаш (Бакнувајќи го низ лицето и вратот) засекогаш... засекогаш... засекогаш...

ДУШАН (Низ тешко страсно дишење): Да!... Ти ветувам... ти, ти ветувам жено моја... ти ветувам... уште утре... уште утре ќе те венчам... (Поткревајќи и го фустанот) морам, морам да те земам... ти си веќе моја жена... Моја жена си... Моја жена си...

ШУМАДИНКА (Низ силна возбуда): Тогаш, земи ме, земи ме Душане... Твоја сум... твоја сум Душане... И сега и довека... (Возбудено се оттргнува) Но, не тука... (Средувајќи си го фустанот и косата) Те чекам... те чекам дома мил мој! Побрзај... побрзај мили... (Брзајќи излегува)

ДУШАН (Набрзина ги заклучува фиоките од масата, ја средува косата и поаѓа кон вратата. Чукање во вратата.): Хм! (Налутено за себе) Кој монструм би можел да е овој?! Да, повелете!

ДРАГИША (Влегувајќи нервозно): Ќе го уништам! Ќе го уништам тој без'рбетен глупак! Ќе му покажам јас со кого зел, да си има работа!

ДУШАН (Нервозно допивајќи го алкохолот од чашката): И треба! Но внимавај, чувај ми го настрана името од валканици!

ДРАГИША: Стави ми и мене една! Мора директоре, мора да го скршиме тој ѓавол!

ДУШАН (Наточува и му ја подава чашката): На, и побргу, зашто имам итен состанок во Комитетот!

ДРАГИША (Наздравувајќи): Па, за нашата голема идеја,

другар директор! И за скорешниот крај на бунтовниот историчар!
ДУШАН (Наздравувајќи): На здравје! Нека биде така, Драгиша!
ДРАГИША (Отпивајќи половина од ракијата): Ќе плати тој, ќе плати наскоро за сѐ! Нема да заспијам спокојно дури не го видам да коленичи пред вас!
ДУШАН (Оставајќи ја чашата на масата): Колку побргу, толку подобро! Тоа е неминовно Драгиша! (Оставајќи ја чашката на масата) Драгиша, прости, но јас морам да одам! Итно е, Драгиша! Ќе продолжиме штом се вратам!
ДРАГИША (Испивајќи го алкохолот и оставајќи ја чашката врз масата): Да, другар директор! Ќе продолжиме штом се вратите од Комитетот! (Поаѓаат кон вратата. Чукање однадвор.)
ДУШАН: Да!
МИЛАНЕ: (Влегувајќи и затворајќи ја вратата зад себе): Добар ден!
ДУШАН: Добар ден! Што е Милане? Зборувај зашто брзам во Комитетот!
ДРАГИША (Весело): Добар ден, мој Милане!
МИЛАНЕ: Ме пратија по креда!
ДРАГИША: Ене ги таму во ќошето! Повели земи! (Смеејќи се неконтролирано): Ха-ха-ха, добро, класни! (Поаѓа кон вратата)
ДРАГИША: Слушај Милане!
МИЛАНЕ (Подзастанува смеејќи се неконтролирано): Ха-ха-ха, да класни!
ДРАГИША: Да те прашам нешто?
МИЛАНЕ: Да, класни!
ДРАГИША: Милане, кој ти ги оправдува изостаноците?
МИЛАНЕ: Ти, ти, класни!
ДРАГИША: Милане, кој те ослободува?
МИЛАНЕ (Се смее): Ха-ха-ха, ти класни!
ДРАГИША: Милане, кој ти ги исправа слабите оценки на крајот на годината?
МИЛАНЕ: Ти, ти, класни!
ДРАГИША: Точно, точно Милане! И те уверувам, ти би имал уште поголеми слободи да не е некој што те мрази како да

си пекол! И истиот дури сака да те отстрани од училиштето!
МИЛАНЕ: Што? Кој? Кажи ми го само неговото име, класни! Кажи ми го името од тој што се обидел да изигрува судија!
ДРАГИША: Тоа е најтешко што може да му се случи на ученик Милане!
МИЛАНЕ: Ама кога ти велам, кажи ми го името на тој глупак! И тренерот ми се замери, ама ете ти го кај шета без два заба в уста!
ДРАГИША: Да, Милане, токму денеска бараше да те отстраниме!
МИЛАНЕ: Професорката по географија?
ДРАГИША: Не!
МИЛАНЕ: Професорката по македонски јазик?
ДРАГИША (Се мисли): М... Не.
МИЛАНЕ: Тогаш, историчарот е! Погодив?!
ДРАГИША (Весело): Да! Дури сега погоди!
МИЛАНЕ (Се смее): Погодив! Ха-ха-ха.
ДРАГИША: Погоди, погоди, Милане!
ДУШАН (Нестрпливо): Побрзај Драгиша, ме чекаат! Состанокот е од витално значење за судбината на училиштето!
МИЛАНЕ (Заканувачки): Тешко нему! Тешко нему ако го сретнам на улица! Лелееее!... Трес - една... (Низ воздухот со тупаница) Па, уште една... па, уште една!...
ДРАГИША: А зошто на улица кога тоа може да се стори веднаш!?
МИЛАНЕ (Се чуди со налудничав насмев на усните): Веднаш?
ДРАГИША: Веднаш, Милане! Да речеме штом започне часот...
МИЛАНЕ (Нервозно): Да, класни, да! Штом влезе историчарот... излегувам од клупата и... (Со тупаница) тре-ес една... па уште една... па уште една...
ДРАГИША: Така, така Милане! Со непријателот треба брзо и безмилосно!
ДУШАН (Сè понестрпливо): Драгиша, човеку, побрзо! Комитетот ме чека! Огнени прашања ме чекаат човеку, разбираш ли?

ДРАГИША: Веднаш, веднаш, другар директор. (Кон Милане, поведувајќи го кон вратата) Значи, Милане - сега или никогаш!
МИЛАНЕ: Да, класни, веднаш! Ќе слушнете класни! Следниот час имаме историја.
ДРАГИША: Така, Милане, така! Брзо и безмилосно!
ДУШАН: Драгиша, ти остани! Само момент!
ДРАГИША (Го испраќа Милане, ја затвора вратата и поаѓа кон директорот) Повелете, другар директор!
ДУШАН (Вадејќи и подавајќи му куп банкноти): Земи Драгиша! И не заборавај - кон верните синови, Белград е секогаш дарежлив! Идејата е најголемата човекова доблест, пријателе мој! А овие... (Му подава уште еден куп) нека ти послужат за мрежата. Работи, Драгиша, работи на масовноста! Пред парите и најчесниот коленичи! Ветувај, поткупувај... Мора да стекнеме верни приврзаници кои ќе го шират српството! Го имаме тоа што тие никогаш го немале! Разбра?
ДРАГИША (Покорно и умилкувачки): Да, другар директор! Вашиот збор за мене од секогаш бил закон! Претчувствувам оти еден ден под ова сино небо луѓето ќе мислат и ќе говорат единствено за српството!
ДУШАН (Потчукнувајќи го по рамото): Ти верувам искрен пријателе, ти верувам! Сега, прости ми, но навистина ме чека проблем што не трпи одлагање! Морам да го згаснам тој силно распламтен оган. Да го скротам тоа подивено море, лава што одамна ја гори мојава душа!
ДРАГИША: Ќе успеете, ќе успеете, другар директор. Покажете му ја на тој комитет вашата цврстина, вашата сила, вашата силна волја... Се колнам во вашите способности - Вие и никој друг!
ДУШАН (Поведувајќи го кон вратата): Да одиме, мој мил пријател! (Чукање на вратата однадвор) Е, навистина ова е премногу! Псст, не одговарај! (Чукањето се повторува) Псст!
ХРИСТО (Влегувајќи со картата в рака): Простете, но морав по картата! (Брзајќи ја остава донесената карта, зема друга и поаѓа назад ) Четири часа во четири различни години, па различни карти... Простете...

ДРАГИША (Подбивно): Што да простиме?! Дека влезе без да чукаш?
ХРИСТО: Колку што се сеќавам чукнав двапати! Но, дека никој не ми одговори, а морав по картата...
ДУШАН (Гневно): Кого се обидуваш да лажеш, колега Христо? Но и покрај тоа, во последно време твоите постапки се загрижувачки! Премногу си дрзок, премногу! Те предупредувам сѐ има свој крај!
ХРИСТО (Подзастанет и се чуди): Како можете, луѓе? Како можете... Кого го лажам и зошто?
ДУШАН (Остро): Лажеш! Не почука! Или можеби мојов кабинет ти прилега на приградски озлогласен ресторан?
ХРИСТО (Погледнувајќи кон чашките врз масата): Па поаѓајќи од инвентарот и не сте многу далеку од одговорот!
ДУШАН (Погневно): Доста навредуваше, ти имбецилу! Ти ветувам, ќе те скротам јас тебе! Да, да, и тебе и сите оние што го фатиле твојот пример!
ДРАГИША (Умилкувачки): Така, другар директор! Надвор од училиштето! Отстранете ги тие бунтовнички стеници!
ХРИСТО (Подбивно): Дека некој мора да си замине тоа мора! Само првин да видиме кој ќе биде тој?!
ДУШАН (Гневно со сиот глас): И уште се закануваш, нели? Наскоро... наскоро ќе завршам и со тебе и со тие околу тебе! Надвор, надвор од мојот кабинет! Надвор! (Го турка)
ДРАГИША (Во Душанов стил): Надвор! Надвор од кабинетот! Од вакви ѓубришта може да се очекува само неред! Надвор! (Го турка.)
ХРИСТО (Оттурнувајќи го): Колку што се уверив, тука никогаш немало некој воспоставен ред! Првин - се точи алкохол, второ - картите се испомешани. Потребно е два дена да се бара потребната карта, и трето, што е најважно - токму оттука почнува сиот неред во училиштето! Ме чуди, што бараат историските карти овде кога за нив постои просторија?
ДУШАН: Така одлучив и така мора да биде! Надвор! (Го турка) Надвор бунтовничка стеницо!
ДРАГИША (Туркајќи го): Надвор од кабинетот! Не слушаш? Почитуваниот директор не сака да му ја валкаш кан-

целаријава со своето присуство! Надвор, кога ти велам!
ХРИСТО (Држејќи ја кваката од вратата): Не ме допирај, филистеру! (Кон Душана) А вие, погрижете се картите да бидат сместени таму каде што им е местото!
ДУШАН: Ќе биде така како што сакам јас. Освен тоа, тебе и не ти се потребни нагледни помагала во историјата!
ХРИСТО : Јас работам така како што запишал законодавецот!
ДРАГИША: Ти не работиш ништо друго освен што го бунтуваш колективот, бе! Излегувај или да те изнесам јас!?
ДУШАН (Низ бес): Изнеси го, изнеси го Драгиша! Присуството на гнилежов ме тера да повраќам!
ХРИСТО (Со иронија): Јас веќе стопати повратив поради вашата близина, но тоа е - морам да издржам до денот кога ќе се изврши неопходната дератизација!
ДУШАН (Гневно): Јас, јас сум тој што ќе изврши дератизација. А тогаш, за гадините како тебе ќе нема место под овој покрив!
ХРИСТО (Подбивно): Отпрвин историјата ме учеше, но ете, сега, и искуството ми докажа дека гадините од северот се опасни изворишта на заразна болест! Меѓутоа, времињата им откажаа соработка! А тоа говори оти мора да бидат уништени!
ДРАГИША (Умилкувачки): Другар директор, глупаков говори за вас! Ги навредува Србите и Србија! Говори против заедницата, другар директор! (Кон Христо) Ти глисто против државата, а...? Како се осмелуваш да зборуваш против Југославија? Јас, Драгиша нема да се викам ако не те исклучам од редовите на СКЈ! (Кон Душана) Другар директор, сега го имате... го имате в рака. Истерајте го од работа и веднаш кај обвинителот. Не му бегаат пет-шест години затвор!
ХРИСТО: Одвај се одржувам да не те исплукам, ништожнику! Се гнасам од тебе и не ме чуди зошто народецов наш македонски останал толку долго в ропство!
ДРАГИША: Каков народец македонски, бре тапоглавец!? Ако не се дигнеше Србија во четириесет и првата, сè уште ќе ги бакнувавме бугарските батуши! В затвор со тебе, в затвор противдржавен бунтовција!

ХРИСТО (Иронично): В ред, да речеме јас сум противдржавен бунтовник! Или ако сакаш уште, македонски сепаратист! (Кон Душана) Овој овде е Србин кој живее во некаква големосрпска утопија! Но, ти човеку, што всушност си ти?
ДРАГИША (Збунето гледајќи во двајцата): Јас?... (Кон Душана) Со него, со него сум јас!
ХРИСТО: Значи, Србин?!
ДРАГИША (И понатаму збунето): Србин? Не! Да, да! Да, Србин!
ХРИСТО (Иронично): Или поточно апатрид!
ДРАГИША (Гневно): Кој си бе ти да ме учиш што сум, а што не сум ?! Ти противдржавен песу... (Поаѓа заканувачки кон Христо)
ХРИСТО (Иронично): Би те плукал, но се срамам и плувачката да ја фрлам врз изрод каков што си ти! Ве молам дозволете ми да си заминам зашто просторијава се посилно смрди на гнилеж! (Излегува)
ДРАГИША (Умилкувачки): Другар директор, мора веднаш да свршиме со глупаков! Јас ќе го исклучам од СКЈ, а вие истерајте го од работа! И кај обвинителот, кај обвинителот, другар директор!
ДУШАН: Доста бе, глупак безнадежен! Кого бе ти ќе исклучиш од партијата кога тој никогаш не бил член? (Се подзамислува) Но, тоа со обвинителот... Да, да, тоа може да ја олесни работата! Кривична пријава... и отиде зад решетките! (Со изнасилен насмев) Е, па Драгиша, понекогаш, нешто ми вели дека сепак и ти умееш да мислиш! Така пријателе, така... А сега, да одиме дури не дошол уште некој! Веројатно Комитетот е нервозен. Но, ќе го убедам... Ќе се погрижам да го пламнеме одново проблемот во жар. (Се фаќа за кваката. Чукање на вратата.) Оф! Не! (Се фаќа за глава.) Зарем токму денеска мораше да се случуваат овие будалештини?!
ХРИСТО (Влегува не чекајќи одговор со иронија): Простете! Знам дека претресувате суштествени проблеми, ама ете, морав по креда! Само еден миг и излегувам! (Зема креда и брзајќи, се враќа)
ДРАГИША (Кон Душана): Овој ептен ги збркал световите!

Веројатно веќе изигрува и математичар! Ха-ха-ха!
ДУШАН (Подбивно): Што ќе му е креда на историчар?
ХРИСТО (Со ист тон): Се гледа дека малку ја познавате методиката! Но и не го очекував ова од еден машински инженер! Само накусо: можностите за запомнување на наставната материја се поголеми кога на таблата ќе се запишат историските датуми! Всушност, тоа и искуството ми го потврди! Можеби, за ова би требало нашироко, ама брзам на час! Простете што ве прекинав во...
ДРАГИША (Го зграпчува за јаката): Со кого се подигруваш бре ти ѕверу шовинистички!? Преку глава ми дојде мамичето твое бунтовничко! (Го зграпчува околу половината обидувајќи се да го собори на подот)
ХРИСТО (Гласно и луто): Пушти ме, пушти ме, ќе задоцнам на час!
ДРАГИША (Во обид да го собори): Свршија за тебе часовите поскоку противдржавен!
ХРИСТО (Во обид да се брани го кутнува на подот): Престани со овие глупости! Ќе задоцнам на час! (Се обидува да се ослободи легнат врз Драгиша) Пушти ме кога ти велам!
ЈЕЛА (Влегува без чукање, нервозна, налутена и речиси без здив): Каде е ? Каде е тој проклет историчар? Рекоа дека наминал овде!
ДУШАН (Додека двајцата сè уште се удираат на подот): Какво изненадување!? Простете, на што ја должиме посетата од почитуваниот интернист д-р Јела Београдиќ!
ЈЕЛА: Молим, молим! Но, каде е оној фосил што вие го нарекувате историчар? Каде е тој монструм што ја масакрира младата популација? (Гледајќи во двајцата на подот) Но, што се случува овде, Душане?
ДУШАН: Тоа што гледате, почитувана докторке! Фосилот кого го барате тукушто се обиде да го претепа нашиот беспрекорен Драгиша Ружиниќ!
ЈЕЛА (Се фаќа за глава): Зарем колегата, Душане? Веднаш да се повика милиција! Ќе го убие! (Хистерично) Побрзо, човеку!
ХРИСТО (Се оттргнува, станува и се средува): Ќе се дознае за ова! Значи сценариото добива уличарска

стратегија! Флагрантно уништување на непријател!
ДРАГИША (Гневно и самиот средувајќи се): Видовте докторке, видовте? Нели? Сакаше да ме убие! А постојано е ваков! Не можам, не можам да ги издржам лудачките изливи од овој малоумник! Станува сѐ полош! Ете, видовте и самата, денеска ме нападна дури и пред директорот! (Кон Душана) Ве молам директоре, сторете нешто! Заштитете ме или побарајте ми работа во друго училиште!
ДУШАН: Ова навистина станува сериозно. Само во текот на последниве десет дена се случува четири пати! Го гледав човекот сиот во модрици и мислев, ќе се смири... но, денеска се убедив дека со него многу нешта не стојат како што треба. (Кон Христо) Па, колега Христо, во ваш интерес е, а и во интерес на училиштето, се разбира, да се заштитиме од ваквите скандали или да ми доставите веднаш оставка, или под итно да заминете на лекување!
ХРИСТО (Со иронија): Значи, ова е најновото сценарио?! Навистина, брилијантно замислено! Инаку, и самиот сум убеден оти некој треба да се менува, а кој, наскоро ќе се дознае! Јас, морам на час!
ЈЕЛА (Зачудено): На час? (Кон Душан) Зарем по сѐ она, ќе му дозволиш да оди на час? Па, човекот е жива опасност за учениците, Душане! (Гневно) Истерај го! Веднаш одстрани го да не пострада некое невино дете!
ДУШАН (Со изнасилен сериозен тон): Се согласувам, во сѐ се согласувам со Вас, почитувана докторке! Меѓутоа, за чудо, колегата Христо има осетно влијание врз значителен број колеги, кои доколку преземам што било без непобитни факти повеќе од сигурно е, дека ќе кренат бунт!
ЈЕЛА: За какви факти говориш Душане? А овој, пред малку?
ДУШАН: Мислите ќе ни поверуваат? (Убедувачки) Никој нема да поверува! Се разбира, освен ако имаме сведок чијшто авторитет ќе придонесе да се разубедат во безпрекорноста на овој насилник!
ХРИСТО (Со иронија): Значи, и тоа е во сценариото, а? Напаѓате подмолно, случајно доаѓа странка, и веднаш и ја доделувате работата на сведок! Навистина фантастично!
ЈЕЛА (Низ гнев): Слушајте Вие! Прво, јас не сум случајна

странка, туку лекар специјалист и родител којшто доаѓа да разговара за моралните навреди врз личноста на мојот син! Меѓутоа, мојата прва средба со Вас, и моите први впечатоци ми велат дека секој разговор со Вас е беспредметен!
ХРИСТО (Смирено и учтиво): Не знам колку ќе верувате, меѓутоа, Вие бевте случаен сведок на дел од сценариото со кое овие другари се обидуваат да се пресметаат со секој што е против загрижувачките состојби во училиштето! Пред малку влегов за креда, а овој овде ме нападна и...
ЈЕЛА (Го прекинува): Не обидувајте се да лажете! Јас видов сѐ и совеста ми наложува, за виденото да сведочам дури и пред суд!
ХРИСТО: Тогаш навистина секој разговор меѓу нас е беспредметен! Јас одам на час!
ЈЕЛА (Налутено): Го чувте? Ем виновен, ем дрзок! Пардон! Кога сте веќе тука... да не се повтори уште еднаш синот ми да го третирате за умоболен!
ХРИСТО (Застанува пред вратата): Другарке...
ЈЕЛА (Го прекинува): Пардон! Јас не сум за вас другарка!
ХРИСТО: Тогаш докторке...
ЈЕЛА: Госпоѓа докторке!
ХРИСТО ( Со иронија): Но, зарем во братската југословенска заедница постојат господа?
ЈЕЛА (Со презир): Да! И тоа со педигре во генот! Четири поколенија доктори во семејството Београдиќи! Ви зборува нешто или напразно си ги потрошив зборовите!
ХРИСТО (Подбивно): Не, не докторке, не ги потрошивте напразно! Напротив, многу ми помогнавте!
ЈЕЛА (Презриво): Мило ми е! Макар што... да бидам искрена, се сомневам дека ме разбравте!
ХРИСТО (Со иронија): Ве разбрав "госпоѓа" докторке, ве разбрав, и многу Ви благодарам што ми помогнавте да откријам оти однесувањето на Вашиот син води потекло токму од генот!
ЈЕЛА (Задоволно): Ме радува тоа што чув! Но, тогаш зошто сте рекле дека синот ми има потреба од лекување?
ХРИСТО: Па, едноставно! Поради генот! Ви реков - ми помогнавте да ја откријам причината поради која малиот е

настроен кон најразновидни истапи! Ја користам можноста, не да Ви напомнам, туку да Ве замолам - обрнете му поголемо внимание на Вашиот син! И... Простете, но морам на час! (Излегува)
ДУШАН: Каква дрскост?!
ДРАГИША: Го чувте ли, госпоѓа Београдиќ? Добро е што и Вас не Ве нападна!
ЈЕЛА (Гневно): Тој мене вака?! Тој фосил без педигре го идентификува мојот Милане со умоболни? Живи генов праисконски - ќе запомни кога се замерил со Београдиќи! (Неконтролирано гневно) Надвор со него! Веднаш да сте го избркале од училиштето! (Со закана кон Душан) Затоа ли дојдовме овде? Да не навредуваат дивјаци? Не, нели! Дојдовме за да создадеме наши. (Уште погневно) Наши, наши! Запомни го секој што е против нас и истерај го надвор! За противниците нема место во нашето училиште!
ДРАГИША: Но ќе треба да сведочите госпоѓа Београдиќ!
ЈЕЛА (Гласно): Апсолутно! Ако е потребно, ќе речам дури дека и мене сакаше да ме нападне! Сторете што сакате, но да исчезне веднаш од училиштето! И уште нешто - погрижете се уште некој да не го навреди мојот Милане зашто лично јас ќе му ја одерам кожата! (Излегува)
ДРАГИША (Умилкувачки): Другар директор... сега е веќе готов! Ние двајцата, па госпоѓата Јела како сведок... готово е, другар директоре!
ДУШАН (Задоволно триејќи ги рацете): Така, така! Самиот си се намести! (Миговна сериозност) Оф! Морам во Комитетот, Драгиша! Веројатно пламените не се спепелиле! Да се надеваме дека ќе успеам одново да го разгорам огнот на проблемите!
ДРАГИША (Милкачки): Ќе успеете директоре! За вашиот ум нема нерешлив проблем! (Излегува)
ДУШАН (Задоволно ги трие рацете): Сега му дојде крајот на тој вардарски волк - Христо.

(Затемнување)

## СЦЕНА 4
(На часот по историја во IIIa клас)

Иста сценска поставка како во првата сцена.

МИЛАНЕ (Стои во празниот простор пред учениците, намуртен и нервозен): Драги мои... Денеска, на часот по историја... Ќе се случи историја! Само нека влезе улавиот! (Замавнувајќи со тупаници): Една... па, уште една... и треес врз подот! (Налудничаво се смее) Ха-ха-ха! Подгответе се за спектаклот на годината!
ХРИСТО (Влегувајќи со вообичаената насмевка): Добар ден!
СИТЕ УЧЕНИЦИ (Станувајќи): Добар ден!
ХРИСТО: Седете! Милане, оди си на место! (Седнуваат)
МИЛАНЕ (Му се приближува со раката стегната во тупаница): Пред малку ветив историски спектакл! Решив да те уништам!
ХРИСТО (Сериозно): Милане, не ми е до шегување! Оди си на местото.
МИЛАНЕ (Закaнувачки): Само откако крвав ќе те легнам долу!
ХРИСТО (Налутено): Милане, те опоменувам! Оди си на местото или ќе те истерам од часот!
МИЛАНЕ: А-ха, токму тоа сакав да го слушнам! Ќе ме истераш, а? (Кон учениците) А дали ви е познато што рекол овој за мене на класниот совет? Глупаков предложил да ме отстранат од училиштето... и уште... предложил да се лекувам! (Фаќајќи го Христо за палтото) Ќе те излекувам јас тебе, глупаку! (Замавнува со тупаница. Во класот џагор.)
ХРИСТО (Вешто одбегнувајќи го ударот): Милане, ќе заборавам што стори. Оди си на место. Те молам, не предизвикувај неред!
МИЛАНЕ (Замавнува уште еднаш. Џагор и по некој женски врисок.): Ќе те убијам, ќе те убијам, мајката твоја насилничка! (Прави уште еден обид да го удри)
ЈОВАН (Истрчувајќи, го фаќа за двете раце и му ги свиткува зад грб): Што се замислуваш ти, малоумнику

неизлечив?! Е, дури сега ќе сториме се да те нема меѓу нас! Навистина ни е доста од твоите секојдневни глупости!
МИЛАНЕ (Обидувајќи се да се ослободи): Пушти ме, пушти ме, кога ти велам! (Кон Христо) Ќе те убијам фосилу! Сметај дека повеќе нема да постоиш! Веќе ти го гледам ликот на некролог! (Во обид да се ослободи) Пушти ме, пушти ме, да му го искршам черепот мајмунски!
ЈОВАН (Гневно држејќи му ги рацете зад грб): Кому бре ти ќе му го искршиш черепот?! А бре пештерски ѕверу, и педесетина како тебе, па дури и посилни, за него се ништо! Еј, човеку, за овие три години колку што си тука ништо не си научил! Мислиш ќе го победиш?
МИЛАНЕ (Во обид да се ослободи): Пушти ме, бе!? А бе, пушти ме да му ги пикнам забите в грло! Џигерот ќе му го извадам!
ХРИСТО (Смирено и дури убедувачки со насмев): Те молам Милане, смири се и оди си на местото! Да заборавиме што се случи!
МИЛАНЕ (И понатаму гневен и во обид да се ослободи): А што се случи? Ништо не се случи! Допрва, допрва ќе се случи! Ќе ти го извадам џигерот и ќе го фрлам на пците преку прозорецот! Пушти ме, Јоване! Пушти ме, зашто и тебе не ти се пишува убаво! Ќе ти го расплакам мамичето простачко!
ЈОВАН (Бесно и грубо отфрлајќи го кон клупите): Слушај ти, смрдлив белградски песу! Прво, среќен си што се нафрлаш врз неповторлив човек и педагог! Второ, дури и по некоја случајност да успееш да го удриш, нема да ти возврати. Особено што меѓу вас стои бариерата професор-ученик!
МИЛАНЕ (Се смее): Тој мене да ме удри? Ха-ха-ха! (Миговно намуртен) Е, па штом е така, да видиме што ќе стори фосилниот историчар! (Поаѓа кон Христо со стегнати тупаници) Ти доаѓа смртта, проклет историчару!
ЈОВАН (Исправувајќи се пред него): Што ако случајно тој проклет историчар е поранешен Балкански шампион во карате? И единствен шампион кој се повлече непоразен од тронот врз кој владееше со години! Да, да, Милане, до пред само шест-седум години, кога се ожени и вработи во

училиштето!
МИЛАНЕ (Отпрвин зачудено, а потоа низ смеа): Овој овде? Овој Балкански шампион?! Ах-ха-ха! Фосилот Балкански шампион?! Ами (Кон останатите) нели, бе пред малку ќе му го искршев черепот? (Кон Јован) А ти бе, зошто го браниш, а?
ЈОВАН (Одлучно): Е, белградски непрокопсанику, овојпат нема да го бранам! Повели, искрши му го черепот, напикај му ги забите в грло, извади му го џигерот... Особено ме интересира како ќе го сториш тоа?! Јас си одам (Поаѓа и седнува зад клупата.)
ХРИСТО: Те молам Милане, оди си на местото! Од недоразбирањата убавини не се раѓаат! Часот одминува, а ние не сме почнале со работа. Многу убаво те разбирам и знам дека вината не е во тебе, ами во други, кои упорно те туркаат кон бездната на беспаќето! А веројатно и ќе остане така сè дури самиот не ја осознаеш вистината! (Оди кон него и го поведува кон клупата.) Мојот учител по карате, инаку, Кинез, ме учеше дека секој човек е составен од добрина и зло! Па, токму затоа треба да го научиме срцето со љубов да го победи злото и престолот на животот да ѝ го предаде на душата исполнета со добрина. (Го седнува на клупата галејќи го по косата.) Мил мој ученику, погрижи се добрината да го освои твоето срце! Знам дека можеш да го сториш тоа! Млад си, а младоста може сè! (Кон останатите) Но, ученици мои, ве молам заборавете тоа што се случи! Јас веќе заборавив! Секоја промена бара пригода и можност. А нив, ние треба и мора да му ги овозможиме на Милане! Се согласувате? (Громко безгласно ракоплескање) Но, да започнеме со работа. Денеска е дванаесетти април. Денот на пробивот на Сремскиот фронт! Јоване, да слушнеме што ќе ни кажеш за овој историски настан!
ЈОВАН (Сериозно): На 12 април 1945 година, во раните утрински часови започнал пробивот на Сремскиот фронт, најутврденото упориште на германските фашистички сили и квислиншки воени формации! На челните фронтовски позиции се наоѓале македонските офицери и борци чиј број изнесува повеќе од дваесеттина илјади. Под силниот мол-

скавичен јуриш на македонските воини од Петнаесеттиот корпус, непријателските утврдувања паѓале претворени во прав и голем број градови и села биле ослободени... Шид, Вировитица, Славонска Пожега и други места биле ослободени, а месното население со цвеќиња и солзи радосници ги пречекале ослободителите од Македонија.

ЈОВИЦА (Револтирано): Протестирам! Според Јован, произлегува дека Југославија е ослободена од Македонците! Веројатно, пробивот на Сремскиот фронт не го извршиле само група македонски војници!

ХРИСТО: Точно Јовице! Меѓутоа, точно е тоа што го зборува Јован. На челните позиции се наоѓале македонски борци и спомнативе места се ослободени од Македонци!

ЈОВИЦА (Налутено): Тогаш, зошто постојано нагласува македонски борци, македонска војска кога сите воени сили биле во состав на Југословенската армија?!

ХРИСТО: Тоа е значаен дел од македонската национална историја. Од придонесот на Македонија во борбата против фашизмот. Зашто Македонија, барем оваа во Вардарскиот дел, не само што самата се ослободи од фашизмот,туку даде свој придонес и во ослободувањето на други краишта од Југославија! А најнепобитен факт за ова е токму Сремскиот фронт!

ЈОВИЦА (Нагласено): Хм, Македонија, македонска војска... но зарем не е непобитна историја и тоа дека Македонија е само дел од Србија? Била и пред војната, а и сега, се разбира во рамките на СФРЈ.

ХРИСТО (Тивко и убедливо): Јовице, многупати сум рекол..., историјата речиси секогаш ја којат победниците, и тоа така како што ќе им се присака! Но, ваквата историја е неодржлива, зашто фактите се ранет ѕвер кој демне и во погоден момент ќе скокне и ќе го распарчи непријателот. Историјата не признава лаги, ниту пак извинувања за прикриените вистини!

ЈОВИЦА: Тато вели дека во ослободителните војни, во 1912 и 1913 година, на Србија ѝ била нанесена огромна неправда зашто Бугарите и Грците ѝ одзеле голем дел од матичната српска територија!

ХРИСТО: Јовица, убаво е кога родителот ги збогатува

знаењата на своето дете, меѓутоа, вистинска трагедија е, тогаш кога со сопствените незнаења ги труе и гледиштата на младиот човек!

JОВИЦА (Низ горчина): Тоа значи дека тато лаже, а?!

ХРИСТО: Не, туку уште пострашно. Тој верува во нешто што се проширило како српска посесивна прогресија. Jовице, чинам татко ти се дави во матните води на повампирената идеологија за голема Србија! А тоа што ги спомна Балканските војни, тогаш Србија не изгуби дел од матичната територија, ами напротив, заграби еден добар дел од Македонија. Тоа беа заграбувачки војни на штета на поробуваната Македонија! Срамни војни со кои на нашата татковина ѝ беа нанесени најболните рани. Но, доста околу тоа! (Кон Jована) Jоване продолжи понатаму!

JОВИЦА (Грубо): Не го навредувај татко ми! Насетувам дека ти пливаш во некакви македонски сепаратистички води! Во некакво подмолно тежнеење за создавање наводна самостојна македонска држава! Токму тоа е таа утопија за која ти пред маку говореше!

ХРИСТО: Жалам што така ќе се изразам, но ти млад човеку, следејќи го татка си, и самиот тонеш во неговата безнадежна утопија, но Jовице, зарем минатиот час не рече дека оваа територија била грчка? Сега пак, произлегува дека е матична српска територија.

JОВАН: По пробивот на Сремскиот фронт, македонските борци заедно со останатите од Jугословенската армија, продолжиле да го бркаат непријателот низ Словенија сè до Австриската граница!

JОВИЦА (Подбивно): Уф! Уф! Уф! Реков јас... Ќе излезе дека група Македонци ја ослободиле Jугославија?! Првин Хрватска, па Словенија...

ХРИСТО: Jовица, не го прекинувај! Одговара за оценка! И наместо да се подбиваш со историските факти, ти советувам - настрана од бркотниците на татко ти! Учебникот, придржувај се на учебникот, млад човеку!

JОВИЦА: Jас веќе реков - не го признавам учебникот, зашто всушност и не им верувам на оние што го напишале! Филип и Александар биле Македонци... Македонци ја ослободиле Jугославија... чув кога еден колега на татко ми,

инаку професор во Белград, рече дека македонската нација е коминтерновска, синтетичка! Меѓутоа, што било српско мора пак да биде!
ХРИСТО: Јовица, јас пак те советувам - потруди се да се оддалечиш од утопијата на татко ти!
ЈОВИЦА: Никогаш! За мене токму Македонија е утопија! А што се однесува до учебниците, плукам на тој куп невкусно напечатени лаги!
ХРИСТО: Вистината, само вистината е тука, ученику! Ќе си дозволам да кажам дека одредени факти се премолчени, но кога-тогаш ќе излезат на виделина! И тоа исклучително поврзани со Сремскиот фронт!
ЈОВИЦА: Значи, малку е тоа што пишува дека Македонците помагале во завршните борби за ослободување на Југославија? Веројатно требало да напишат дека го зазеле и Берлин?
ЈОВАН (Гневно): Јас бре ќе ти речам што пропуштиле да напишат! Пропуштиле да напишат дека македонските борци присилно заминале на Сремскиот фронт!
ЈОВИЦА (Низ смеа): Ха-ха-ха! Тогаш значи, им било страв!
ЈОВАН (Гневно): Не им било страв! Напротив, Македонија прва се ослободила од окупаторите! Меѓутоа, македонскиот народ не се дигнал на востание за ослободување на територијата на намразената Југославија, туку...
ЈОВИЦА (Му влегува во зборот): Значи, пак моето! Наводниот "македонски народ" не можел да мисли поинаку одошто се мислело во неговата матична Србија, којашто, патем речено, прва се дигнала на востание против фашизмот и омразената кралска буржоазија! А следствено, истото се случило и тука. Значи, еден народ - една мисла! Не ти зборува ова нешто?!
ЈОВАН: Ништо! Напротив, востанието на македонскиот народ било кренато под слоганот "за самостојна и обединета Македонија! За Македонија со Шар, Пирин и Белото Море"! А во четириесет и петтата година, настроеноста на војската за поаѓање кон Солун и ослободување на светите македонски краишта во Беломорјето била спречена токму од хегемонистичката политика на твојата повампирена Србија! Па наместо кон Солун, македонските борци биле

присилно однесени на стрелање во Срем!
ЈОВИЦА: Мислам ако и тоа се запишало во учебникот, тогаш коминтерновската творба би имала прекрасен роман од научната фантастика! Луѓе, вие сонувате! Присвестете се, зашто вашиот сон за наводната Македонија е огромен грев кон мајката матица Србија!
ЈОВАН: За жал, некои очевидци не само што не сонуваат, туку цели дваесет години живеат во бунило и бессознанија!
ЈОВИЦА: Ме радува што го признавате бунилото!
ЈОВАН: И бессознаниjата, и бессознанијата без'рбетнику големосрпски! Стотици и стотици борци, меѓу кои и татко ми, немаат сон од спомените на извршените ѕверства над македонските борци од страна на Белград!
ЈОВИЦА (Иронично): Чувствувам дека бунилото се проширило и меѓу младите!
ЈОВАН: Нашата емотивна натура нè тера да ги преживуваме страдањата на постарите! Како би се чувствувал татко ти кога би му ги стрелале најдобрите другари?
ЈОВИЦА: Без причина?
ЈОВАН: Зашто сакале на Солун, а не на Срем!
ЈОВИЦА: Добиле што заслужиле! Ваквите и јас би ги стрелале по куса постапка!
ЈОВАН (Иронично): Значи генот крвожеден од дедовците се проширил и кај "геџињата"!
ХРИСТО: Понекогаш е добро учениците да навлезат во дијалог за историјата, но само тогаш кога дијалогот е во дидактички рамки. Многупати сум рекол - историјата е наука што не трпи прикривање. Ученици, фактите живеат меѓу народот... и демнат по мигот на одронот! (Кон Јован) Седи Јоване! Надвор од вашиот дијалог, твоите знаења за Сремскиот фронт ги оценувам со петка!
ЈОВИЦА (Гневно): Петка? Затоа што рече дека Македонците ја ослободиле Југославија?
ХРИСТО: Јас не чув да рече дека ја ослободиле Југославија! Рече така како што пишува во учебникот!
ЈОВИЦА: Или дека изнатреска нечуени глупости за некакви Пирински и Беломорски Македонци... па некакви стрелања...

ХРИСТО: Тоа? Тоа само вие го дискутиравте!
ЈОВИЦА (Гневно): Сите вие го мислите истото! Противдржавни елементи! Нему петка, а мене единица, нели?
ХРИСТО: Јас ученику, предавам и испрашувам според материјата (Го крева учебникот) во овој учебник! А ти, барем како што самиот се изјасни, истиот не го признаваш!
ЈОВИЦА (Гневно): И уште илјадапати ќе напомнам - ова за мене не е учебник, туку коминтерновска збирка од научно-фантастички раскази!
ХРИСТО: Ти, именувај го како сакаш! За мене овој е валиден учебник на кој, всушност, и покрај мноштвото пропусти во факти, сум горд! Реков и ќе повторам! Јас, предавам според него, и секако, според него испрашувам. Со чиста совест, секој поинаков одговор го оценувам со слаба оценка!
ЈОВИЦА (Закануваччки): Се надевам дека нешто наскоро мора да се измени во училиштето! Научив дека претстои смена во кадрите!
ХРИСТО: Се гледа дека татко ти се погрижил да го информира своето семејство за настаните што се случуваат! Сите се надеваме да се изменат состојбите! Вака повеќе не се може.
ЈОВИЦА (Иронично): Начув нешто дека и професорот по историја требало да си замине!
ХРИСТО: Ако е до мене, веднаш си заминувам. Меѓутоа, тоа нема да измени ништо! Но, ова не е прашање за на час! Најважно е какви промени ќе има!
МИЛАНЕ (Силно удира со тупаница на клупата): Професоре Христо Тодоровски! Јас не се плашам од никого! Мислиш ако седнав тука - ти се исплашив? Нешто ми вели дека денеска некој ќе претепам; некој поранешен балкански шампион во карате! (Удира врз клупата)
ЈАГОДА (Гневно): Престани бре, со тие лудости! Сакаш и ние да полудиме?
МИЛАНЕ (Се смее): Јас... Ха-ха-ха! Јас решив да одговарам! Ха-ха-ха! За петка! Како може Јован да добие петка, а јас...
ХРИСТО (Смирено): Милане, ти одговараше минатиот час

и доби единица. Но, ако сакаш и ако мислиш дека си подготвен, тогаш, повели!

МИЛАНЕ(Со смев): Ха-ха-ха! Се сомневаш во мене?

ХРИСТО: Ни најмалку, Милане! Напротив, ме радува тоа што самиот се јави. Тогаш, само накусо, кажи ми што научи за поделбата на Македонија по окупацијата од фашистичките сили?

МИЛАНЕ (Налудничава смеа): А-ха-ха-ха! А-ха-ха-ха! Поделбата на Македонија? (Одеднаш сериозен) Тоа не бидува! Сакаш да ми се лутат мама и тато? Јас ги почитувам! Ќе биде така како што ми велат тие! Македонија не постои!

ХРИСТО: Милане, знам дека ти не си виновен. Меѓутоа, така како што постојат Србија, Хрватска... Словенија, Црна Гора, Босна и Херцеговина... како и двете автономни покраини Војводина и Косово, во рамките на СФРЈ, постои и Република Македонија!

МИЛАНЕ (Намуртено): Реков - нема да ги лутам мама и тато! Не постои и готово! Јас ќе зборувам за Српското востание против Турците! Мене ми е омилен Караѓорѓе Петровиќ! (Возбудено) И мама многу го почитува! "Таков јунак"-вели мама, "на земјава повторно нема да се роди!"

ХРИСТО: Жалам ученику, но српските востанија ги минавме минатата година! Одговарај на прашањето што ти го поставив!

МИЛАНЕ (Намуртен и накострешен): Е тогаш, ем нема да одговарам, ем ќе ми ставиш петка! (Излегува од клупата и поаѓа кон Христо) Е, сега бивш Балкански шампиону, покажи се! Или петка, или бори се!

ХРИСТО (И понатаму зад катедрата со смирувачки тон): Милане, ни едното, ни другото! (Станувајќи со насмевка) Борба, никако! Ќе ја добиеш следниот час!

МИЛАНЕ (Заканувачки доближувајќи се до катедрата и до Христо): Јас реков, петка или борба! (Го зема дневникот в рака и му го подава) На, пишувај или светот ќе осиромаши за еден шампион!

ЈАГОДА (Речиси низ бес): А бе, што се случува овде? Жртва сме на малоумна геџиња или... Ај, седни си будалетинко привилегирана! Знаеш ли што бе, ќе се случи со тебе

ако те поткачи професорот?!
МИЛАНЕ (Кон Јагода): Ти, да молчиш! И тебе ќе ти дојде редот ороспијо белосветска!
ЈОВАНЕ (Гневно): Професоре, зарем не гледате дека малоумниов не е достоен за Вашето внимание? Напразно се обидувате, професоре! Од сувата капинка не бидува трендафил!
ЈАГОДА (Со плач и гнев): Зарем сме должни секојдневно да ги трпиме навредите од ѓеџињава?! И уште - секојдневно се соколат и стануваат сè подрски!
ХРИСТО (Со убедувачки тон): Надежта, драги ученици, не смее да се загуби ни тогаш кога се чини дека сè е потчинето на безнадежност. Што би се случило ако Милане го препуштиме на влијанијата кои што неговите младешки години ги стеснуваат под небулозни хоризонти?
ЈАГОДА (Со плач): Но, професоре, колкупати се обидовте? Ова повеќе не се трпи! Ако е тој болен, нека се лекува!
МИЛАНЕ (Низ смев): Ха-ха-ха! Болен? Јас болен? Реков прво да завршам со Балканскиот шампион, па потоа редот е твој! (Кон Христо) Надвор бе! Петка или...
ХРИСТО (Смирувачки): Милане, оди си на местото! Верувам дека ако поработиш и научиш, ќе ја поправиш слабата оценка! До следниот час претстои цела недела! Научи и јави се!
МИЛАНЕ (Со дневникот кон Христо): Пишувај петка! Пишувај!... (Го зема дневникот во едната, а другата ја стега во тупаница) Сакаш мавање?
ЈОВАН (Гневно): Професоре, премногу Ве почитуваме, меѓутоа сметаме дека претеравте со толеранцијата! Сè е јасно професоре, нашиот соученик одамна не е за в училиште! Зарем не гледате дека особено годинава сè поџериозно пречи на часовите?! (Кон Милане со гнев) Ти распуштен песу, веднаш да си престанал со изигрувањата или...
МИЛАНЕ (Сосема близу до Христо): Пишувај! Пишувај, мамето твое сепаратистичко!
ЈОВАН (Брзајќи кон двајцата): Единствениот начин за разговор со тебе се тупаниците! Па, ако добрината не му дозволува на професорот да го стори тоа, тогаш мора

некој друг да стави крај на малтретирањата! (Доближувајќи се до него, бргу го оттргнува Милане на страна. Тој се затетерува и паѓа на подот.)
ХРИСТО (Веднаш приоѓајќи му на помош): Се повреди?
МИЛАНЕ (Грубо оттурнувајќи му ги рацете): Ај сиктер бе, ти ќе ми помагаш! Подалеку од мене, подалеку зашто ова ќе ти биде последен час! (Кон Јована) А ти?! (Станувајќи од подот) Подготви се да умреш!
ЈОВАН (Гневно и во став за пресметка): Кому бре, ти му се закануваш? Мислиш ако ти правевме отстапки, никој не ти може ништо? Стани да ти го искршам 'рбетот, влекачу белградски!
ХРИСТО (Смирувачки го оттргнува Јована): Деца бре, што ќе сторите бре деца! Зарем со пресметка се решаваат проблемите?! А колку пати сум ви рекол - трудете се решенијата да ги наоѓате преку дијалог!
МИЛАНЕ (Поаѓајќи кон двајцата. Со лутина): Пушти го, тој црв да го згазам на подот!
ХРИСТО (Испречувајќи се меѓу двајцата): Не, ученици! Не зборувајте со јазикот на улицата!
МИЛАНЕ (Со лутина и со стегната тупаница): Истави се, истави се да го сплескам!
ЈОВАН (Со растреперен глас): Професоре, дозволете ми... Мора некој да му ги истера бубачките, професоре!
ХРИСТО (Убедувачки): Те молам Јоване, оди си на местото!
МИЛАНЕ (Во обид да го оттурне Христо): Истави се бе, истави се! Кога ти велам! (Замавнува кон Јована со тупаница)
ХРИСТО (Со вешт зафат спречувајќи го ударот кон Јована, велејќи му): Јоване, реков - оди си на местото! (Остро кон Милане) А ти, запомни: инцидентов нека ти биде последен што си го сторил! Од денеска, часот по историја ќе се одвива така како што навистина доликува на училиштен час! И нема да толерирам никакви истапи!
МИЛАНЕ (Болно и гневно): Пушти ме, пушти ме, ќе ми ги искршиш рацете!
ЈОВИЦА (Налутено од клупата): Пушти го, бе! Ова повеќе не личи на училиште! Надвор од тоа што сервираш фалси-

фикати, па згора на тоа, малтретираш невин ученик!
ЈАГОДА (Гневно): А-ха! Не издржа второто Геџе! (Со иронија) "Малтретираш невин ученик"! Што сме виновни бре ние ако нему му се истенчиле хоризонтите? Колку што ми е познато, и тебе виделината ти е заматена!
МИЛАНЕ (Со болни гримаси): Ми ги искрши прстите! (Си ги трие рацете) Прстите... прстите ми се искршени!
ЈОВИЦА (Брзајќи кон Милане): Што му сторивте бре ѕверови!? Макар што претпоставував порано, сега сигурно знам дека тебе не ти е местото меѓу професорите! (Заканувачки) За ова ќе одговараш!
ХРИСТО (Остро): Реков. На часот по историја нема да толерирам никакви истапи! Надвор! Напуштете го часот! И вратете се тогаш кога во себе ќе го пронајдете ликот на пристоен и одговорен ученик! (Уште погласно) Надвор!
ЈОВИЦА (Заканувачки): Ти реков, твоите професорски денови ти се изброени, а што се однесува до твојот час, плукам во фалсификатите на македонската историја!
ХРИСТО (Гласно): Надвор! А, ако токму ти се плука, тогаш плукни врз изворот на твојата заблуда!
ЈОВИЦА (Иронично): Македонска историја - македонски фалсификати! Ете, тоа е таа твоја историја! (Поведувајќи го со себе Милане одат кај директорот. Излегуваат.)
БУЦКО: Ова требаше порано да го сторите, професоре! Ние вас најмногу ве почитуваме, професоре!
ЈАГОДА: Верувајте професоре, од нив не ми се доаѓа не часови. Тие двајцата часовите ги претвораат во пекол.
ЈОВАН: Како претседател на класот, предлагам да дадеме предлог за отстранување на Милане и Јовица од училиштето!
СИТЕ: Да, така е! Се согласуваме! И тоа, веднаш!
БУЦКО: Мене ми е особено чудно како ги поднесувате нивните безобразности?! Кога јас би бил врвен каратист случајот би бил разрешен за миг!
ХРИСТО (Смирено и со убедувачки тон): Патот до секој врв води низ макотрпни усилби и најразновидни тестови на кулминативната свест и совест! А патот до паѓањето е едноставен, брз и откачен од умот. Ти ученику мој, а верувам и секој од вас, кога би бил на тоа што сум јас, во сè би

постапил како што постапувам јас.
БУЦКО: Ама тие ептен претераа, професоре!
ХРИСТО: Во суштината на комуникациите секогаш е пресудна потрагата по неоткриените резерви на човечкото достоинство! Пред да се донесе некој суд, мора да се ѕирне во тој скриен кратер на неодгатнати потенцијали. Педагогот е борец кој секогаш последен се повлекува од мегданот на дидактичката и методолошка војна!
ЈАГОДА: Па, зарем не сметате дека залудно војувате на мегданите на Милане и Јовица?! Непотребна беше Вашата саможртва, професоре!
ХРИСТО: Не, ученици! Дури и кај најбезнадежниот, битката не треба да биде изгубена! Секој привиден пораз, треба да се претвори во победа!
ЈАГОДА: Кај нив, професоре, дури и надежта е безнадежна!
ХРИСТО: Јас би рекол поинаку: надежта е безнадежна за оние што ги сматиле нивните гледишта кон иднината! Но, тоа е покомплексен проблем, ученици. (Ѕвони. Ја симнува картата, го зема дневникот, поаѓа кон вратата, подзастанувајќи за миг.) Не постои проблем, за чија разврска патиштата се изгубени! Довидување ученици! (Излегува)
СИТЕ УЧЕНИЦИ: Довидување! Довидување!

(Затемнување на сцената)

## СЦЕНА 5
## (Вонреден класен совет)

Дејството се одвива во канцеларијата на директорот. Душан седи покрај масата и потцртува позначајни делови во материјалите пред себе. Одненадеж вратата грубо се отвора и зазбивано се втурнува прекрасната стројна Јагода.

ЈАГОДА (Дишејќи длабоко): Директоре... директоре!... Тој... тој... тој пак полуде, директоре!... Се закачува директоре! Има ноже во раката! Ќе ме убие... ќе ме убие... Ве молам... Сторете нешто! (Со уплав обѕирнувајќи се зад себе во правец кон вратата) Ќе пристигне секој миг... Ќе ме убие!...

ДУШАН (Изненадено станувајќи од масата и низ изнасилена насмевка) Ќе те убие? Зарем во училиштето, какво што е нашето, шетаат убијци?

ЈАГОДА (И понатаму зазбивано и со страв): Да, да, директоре!... Ме брка... Извади ноже... и потрча по мене велејќи... велејќи дека ако не сакам да сум негова ќе ме убие!

ДУШАН (Со изнасилен гласен насмев): Ама ајде, девојко... Што ми изнакажа! (Со миговен израз на сериозност) Хм! Вљубеноста е слепило девојко, а вљубениот е способен да стори и злосторство!

ЈАГОДА (Уплашено): Но тој... тој е луд, директоре!

ДУШАН (Покажувајќи кон долгата маса за состаноци): Седни! Ако не се лажам, ти беше Јагода од IIIа клас?

ЈАГОДА (Седнува обѕирнувајќи се кон вратата): Да, директоре! Директоре, тој е навистина луд! Вчера сакаше да се тепа со професорот по историја, а мене... мене секој ден ме малтретира со некои параноични изјави на љубов! Ве молам, директоре...

ДУШАН (Седнувајќи на столот веднаш покрај неа): Реков јас - вљубениот е во состојба, во потрага по својата љубов да стори и злосторство! Особено пак кога се работи за девојка по која болно воздивнуваат стотици и стотици млади!

ЈАГОДА (Сè уште уплашено): Директоре, мора да сторите нешто, будалиов ќе ме убие !
ДУШАН (Со сериозен тон): Само преку мене мртов! Мислиш ќе дозволам преку мене да ја убијат единствената девојка поради која минувам бессони ноќи?! (И ги опфаќа двете раце во неговите) Јагода... нема да ми веруваш, но јас... (Со вљубен и малку треперлив глас) јас знаев дека ќе израснеш во убавица со која не може да се споредат ни божествата.
ЈАГОДА (Оттргнувајќи си ги рацете): Ама, директоре... (Оддалечувајќи го и столот) директоре... директоре, јас дојдов... (Збунето и уплашено) Дојдов да сторите нешто, директоре...
ДУШАН (Со повидливо затреперен глас): И ќе сторам... за тебе ќе сторам, сè Јагода!... О, колку одамна го посакував овој миг? Колку многу осмислував како да те повикам овде и да ти речам сè... сè што го крши моето срце... Сè што ја убива мојата душа... Сепак, случајот сакаше мојот сон да стане вистина... (Го поместува столот поблизу до неа) Јагода, те љубам... те љубам, Јагода... (И ги зема двете раце) Ако не се согласиш да бидеш моја... Без тебе е безвредно моето постоење, Јагода...
ЈАГОДА (Вџашена): Директоре... јас само побарав заштита... (Повторно си ги оттргнува рацете и станува.)
ДУШАН (Станувајќи и самиот, повторно земајќи ѝ ги рацете): Јагода... убавице моја... јас... дозволи ми да ти ја понудам мојата вечна заштита!... Сакам да бидеш за секогаш моја, Јагода...
ЈАГОДА (Оттргнувајќи се и поаѓајќи кон вратата): Директоре, јас морам да одам... часот само што не започнал!
ДУШАН (Трчајќи ја заклучува вратата. Со целосно затреперен глас): Јагода... љубов моја... не мораш на час... ќе сторам сè за тебе Јагода... (Поаѓајќи кон неа)
ЈАГОДА (Уплашено): Тогаш, заштитете ме од Милане... ќе ме убие директоре...
ДУШАН (Земајќи ѝ ги рацете): Убавице моја... ти ја нудам мојата вечна заштита!... Те сакам, Јагода... само со тебе може да бидам среќен во животот...
ЈАГОДА (Во обид да се оттргне): Пуштете ме... морам на

час, директоре!...
ДУШАН (Со возбуда): Не мораш... не мораш на час... Ќе сторам сè да бидеш одлична...
ЈАГОДА (И понатаму во обид да се отргне ): Па, јас сум одлична ученичка ! Ве молам, пуштете ме...
ДУШАН (Ја преграбува): Животе мој... жено моја... Ќе сторам сè да бидеш најсреќната сопруга на светот... Ќе бидам твој доживотен роб... Оф! Јагода!... (Ги спушта рацете низ колковите) Ти мора да бидеш моја жена!... Сакам да постоиш само за мене и да постојам само за тебе! Љубов моја...
ЈАГОДА (Со гнев и уплав ): Пуштете ме! Пуштете ме, директоре!
ДУШАН (Во занес и страст): Јагода... те љубам, Јагода...
ЈАГОДА (Спротивставувајќи се): Ама, што зборувате, директоре? Зарем доликува... Пуштете ме!...
ДУШАН: Те љубам... те љубам, Јагода... (Со рака под краткото фустанче) Морам да те имам... морам... морам... морам...
ЈАГОДА (Вџашена): Леле! Што?! (Грубо оттурнувајќи го) Настрана од мене, психопатуниеден! Ова не ми го сторил тој што го љубам!
ДУШАН (Сè уште со треперлив глас. Поаѓајќи кон неа): Те љубам, Јагода. Сакам да си моја... засекогаш моја!...
ЈАГОДА (Одлучно и со висок глас): Не ми приоѓај! Ќе викам, не ми приоѓај! (Одејќи наназад кон вратата)
ДУШАН (И понатаму со возбуда): Јагода, сакам да си моја... Те љубам, Јагода...
ЈАГОДА (Со остар тон): Реков - ќе викам, не ми приоѓај! (Фаќајќи се за кваката) Отклучи! Отклучи кога ти велам или...
ДУШАН (Поаѓајќи кон неа): Ама, Јагода... Зарем не сфаќаш? Ти нудам брак, Јагода! Те љубам колку што никој друг нема да те љуби!
ЈАГОДА (Со остар тон): Господе!... Па, Вие... како се осмелувате!? Престанете и дајте ми го клучот! Ве опоменувам последен пат! Ќе викам!
ДУШАН (Со силна возбуда): Сè за тебе љубов моја... еве... (Го вади клучот и ѝ го подава) И тоа е доказ дека ќе бидам

твој вечен роб!
ЈАГОДА (Претпазливо го зема клучот и го става во бравата): Мене не ми требаат робови, директоре! А што се однесува до љубовта, веќе шест месеци ме љуби некој што и јас силно го љубам!
ДУШАН (Во мигот додека му е свртена со грб, ја зграбува, свртувајќи ја кон себе и ја бакнува, поаѓајќи со раката под фустанот): Не! Не! Не! Не ќе дозволам да те љуби друг! Морам да те имам! Ти мораш засекогаш да бидеш моја! Јагода... Јагода...
ЈАГОДА (Бесно извикувајќи му се оттргнува од рацете огребувајќи го по лицето и удирајќи му шлаканица): Ти реков, ѕверу налудничав... Таму не ме допрел и тој што искрено го љубам! И ако некому му се дадам, тоа најмалку ќе бидеш ти! Психопату гнасен!
ДУШАН (Гневно допирајќи го огребеното лице): Ти мене вака?! Ти... курво малечка што блудничиш среде бел ден низ парковите! Ти што му седиш во скутот на некој жолтоклунец без иднина?! Мислиш, не ми рече Милане...
ЈАГОДА (Иронично): О-хо! Значи Вие сте закрилникот на Милане! Е, сега го разбирам професорот по историја! "Тоа е покомплексен проблем, ученици!" Да, да, навистина бил покомплексен, зашто една од компонентите сте и Вие. Еве, се докажа дека сте и Вие! Засрамете се! По ова што се случи, не би требало да се појавите во училиштево! Но, чинам, тоа не ви значи ништо зашто не сте стигнале подалеку од светогледот на Милане!
ДУШАН (Гневно кон неа): Молк! Не ми го спомнувај тој проклет историчар, курво! Ќе ве уништам... обајцата... ќе ве уништам!
ЈАГОДА (Подбивно): "Те љубам, Јагода... сакам да ми бидеш жена... цел живот ќе бидам твој љубовен роб!" А сега наеднаш курво, а? Или зашто не ти успеа да ме земеш, а? Да ги скратиш твоите безумни страсти! Веројатно многу невини малолетни ученички паднале пред твоите примамливи ветувања, перверзен бездушнику! Но, како што рече професорот Христо, "не постои проблем, за чија разврска патиштата се изгубени!"
ДУШАН (Гневно): Доста! Молк! Не спомнувај ми го тој прок-

лет... Ќе ве уништам! (Поаѓајќи заканувачки кон нea) Обајцата ќе ве уништам! Ќе ве уништам!
ЈАГОДА (Итро отворајќи ја вратата, и со иронична насмевка и тон): "Љубов моја... ќе бидам твој доживотен љубовен роб!"
ДУШАН (Во хистеричен бес): Ќе ве уништам... (Тропајќи на вратата) Ќе ве уништам... (Се созема и оди заканувачки кон масата. Седнува и следува нов напад од бес.) Да, да, ќе видите вие, ќе ве уништам! (Чука по масата) Морам да ги уништам! (Се смирува за миг подзамислен, со бавно движење ги допира гребнатините, вади огледало од фиоката, се огледува и нов прилив од бес) Кучка! Ороспија! (Со тупаници врз масата) Ќе те уништам, уличарко! (Одеднаш исплашено) Оф! Што ќе речат глупаците што пристигаат на класен совет? Ами ако оваа веќе го наполнила училиштето?! (Со вратена самоувереност) Горе главата, Душане! Се исплаши? Срам да ти е? Зарем од нив? Од овие што утре ќе те молат да не ги истераш од работа? Горе главата, човеку! Еј, Белград, Белград стои зад тебе! (Чукање на вратата. Набрзина го сокрива огледалото, се средува и чита од материјалите.) Да!
ДРАГИША (Умилкувачки): Добар ден, директоре! Јас... поранив дваесеттина минути, ама си велам "Драгиша, појди порано! Можеби директорот има нешто да ти советува!"
ДУШАН (Со насмевка): Ако, Драгиша, ако! Повели, седни!
ДРАГИША (Седнувајќи на едно од столчињата зад долгата седнична маса погледнувајќи во дрaсканицата по лицето): Што ви се случило, директоре? Ако смеам да прашам: "Кој ви го нагрдил лицето?"
ДУШАН (Со присилена насмевка): Ова? (Минувајќи со прстите низ лицето) Малиот од соседот! Ме поканија на гости, за да бидам пољубезен, го кренав, го погалив, а тоа... но..., ќе мине, Драгиша!
ДРАГИША (Умилкувачки гневно): Па, да! Така е кога живееме меѓу дивјаци! Дури и бебињата убиваат! (Чукање на вратата)
ДУШАН: Да!
ШУМАДИНКА (Со широка насмевка и хартија во рецете): О-хо! Значи Драгиша ме претекнал! Уште подобро! Но, дру-

гар директоре, што ќе ни советувате по дневниот ред?!
ДУШАН (Со насмевка): За истомислениците не се потребни договарања, Шумадинка! Седни, седни, мила!
ШУМАДИНКА (Со вкопан поглед во неговото лице): Што ти се случило, Душане? Леле! Кој се осмелил да ти го стори тоа? (Го допира по лицето) Мил мој... (Гневно) Кажи ми, кој го сторил ова и очите ќе му ги извадам!
ДУШАН (Со насмевка земајќи ѝ ги рацете): Не се вознемирувај, мила! Зарем ќе го ослепиш малото ѕверче на соседот?
ДРАГИША (Присилно се накашлува): Ако смеам да прашам... чинам меѓу вас двајцата...
ДУШАН (Наизменично гледајќи во Шумадинка и Драгиша): Па, Драгиша, бидејќи си наш... (Станува и ја прегрнува Шумадинка) Мислам дека треба прв да ја дознаеш нашата тајна. Наскоро, Шумадинка и јас...
ШУМАДИНКА (Бакнувајќи го): Ќе се земеме, Драгиша!
ДУШАН (Заканувачки со прст): Но, засега никому ни збор! (Чукање на вратата) А-ха! Еве ја толпата бунтовничка! Мила, појди зад масата!
НАСТАВНИЦИТЕ: Добарден! Здраво! (Ги заземаат местата зад долгата маса.)
ДУШАН (Земајќи ги хартиите од масата, поаѓа и седнува напред покрај долгата маса.): Почитувани колешки и колеги, во интерес на времето препорачувам да не се впуштате во безпотребни дуели, туку да дискутирате исклучително по дневниот ред! Шумадинка!...
ШУМАДИНКА: Од минатата седница остана непретресен приговорот на ученикот Јовица Петриќески, а против пројавените самоволија на професорот Христо Тодоровски. Да го прочитам, или...
ДУШАН: Не! Случајот е познат! Но, што ќе речете по приговоров, колега Тодоровски?
МАКЕДОНКА (Брзо): Барам збор!
ДУШАН: Повели, колешке!
МАКЕДОНКА: Ако не се лажам, минатиот пат заклучивме класниот раководител да подготви предлог за отстранување на ученикот Милане Београдиќ од училиштето! Барам и тоа да биде ставено на дневен ред!

ДРАГИША: Ќе бидам кус: Предлогот е во фаза на подготовка и, како што беше заклучено, на една од претстојните седници, ќе биде предмет на расправа!
ДРАГИЦА: Хм! На една од наредните седници?! Предлагам по него да расправаме на првата наредна седница!
ДУШАН: В ред! Кој е за предлогот? (Брои) Еден, два, три... осум! Констатирам дека предлогот е усвоен!
ШУМАДИНКА: Момент! Морам да ги запознаам присутните дека вчера пристигнаа уште два приговора и, за чудо, и двата се против злоупотреба на службената функција од страна на професорот Христо Тодоровски! Бидејќи се работи за проблеми што не трпат одложување, предлагам да ги ставиме во Дневниот ред!
ДУШАН (Во просторијата зачудувачки шепотења): Кој е за новопристигнатите приговори да бидат ставени на дневен ред?
ХРИСТО: Макар што претчуствувам дека се работи за нешто од добро познатата кујна, љубопитноста ме тера приговорите да ги разгледаме веднаш! Јас сум - за!
ДУШАН (Брои): Еден, два... и Драгиша и јас... десет! Констатирам дека предлогот е едногласно усвоен! Првин, приговорот од минатата седмица. Колега Христо, имате збор!
ХРИСТО (Станувајќи и со одлучен глас): Јас предавам според планот и програмата одобрена од надлежните македонски државни органи! Се служам со историјата за третите класови напишана од еминентни македонски автори и историчари, а врз основа на најверодостојни историски факти од светската историографија и секој одговор што не е ист со тие факти, го третирам за неточен и за непознавање на наставниот материјал. И сосема оправдано е слабиот одговор да повлече и и слаба оценка!
ДРАГИША (Грубо): Дрскост, нечуена дрскост! Мојот син... лично јас го упатив во тајните на историјата!
ХРИСТО (Иронично): Погрижете се, во иднина да го упатите во тајните на физичкото воспитание, колега Ружиниќ! Историја оставете им ја на историчарите!
ДРАГИЦА (Гневно): Доста бре, со твојот син! Или заборавваш дека петките што му ги пишуваме, се подарок по-

ради татко му! Ако во себе имаш барем трошка достоинство, не ќе расправаш по некаков приговор, туку ќе му ги свиткаш плеќите под учебникот!

МАКЕДОНКА (Со ист тон): Колега Петриќески, не знам дали си отапел во чувството на совеста или никогаш не си ни чул за неа, но кога би ја имала твојата позиција, би пукнала од срам! Те молам, погледни си го лицето во огледалото и, ако не ти се вцрват образите, тогаш човекот во тебе умрел!

ДРАГИЦА: Кому од нас можеш да му погледнеш во очи? Кого не си го молел да му стави петка на син ти?!

МАКЕДОНКА: И, јас му ставив единица! И нема да му ја поправам сè дури не се потруди да научи!

ДРАГИША (Закануваачки): И вам ќе ви дојде редот! Не се радувајте предвреме!

ДУШАН: Тишина! Реков, без меѓусебни дуели! Придржувајте се исклучително на дневниот ред!

ДРАГИША: Другар директор, поради пројавените самоволија, барам колегата Христо Тодоровски да биде отстранет од работното место професор по историја!

ХРИСТО: Јас реков, предавам и испрашувам според учебникот по историја и, секој одговор што не е ист со фактите што ги содржи, го оценувам со слаба оценка! Ученикот Петриќески пропаднат во бездната на татковото непознавање на историјата, одби да одговара од програмата по историја, па го доби тоа што го заслужи. Меѓутоа, и покрај крајно недоличниот однос, го имате мојот збор, нека научи и ќе добие оценка според одговорот!

МАКЕДОНКА: Другар директоре, понижувачко е за сите да расправаме по ваков несериозен проблем! Особено кога сме сите истомисленици во однос на крајната недисциплина, несериозност и дрскост на подносителот на приговорот!

ДРАГИЦА: Се согласувам со колешката Македонка и приговоров го сметам за дрскост, за недоличен и за беспредметен! Ако е до мене, јас го одбивам и не сакам да се измачувам во расправата по него!

ДРАГИША (Гневно): Го одбиваш, а? Реков јас и тебе ќе ти дојде редов!

МАКЕДОНКА (Со бес): Доста бре ти, со тие прости закани! Без пардон - токму ти си виновникот за беспаќето низ коешто заталка син ти!
ДУШАН: Молк! Молк! Го ставам на гласање предлогот за изрекување дисциплинска мерка на професорот Христо Тодоровски! Кој е за? (Брои) Еден - Драгиша... јас - два... Кој е против? (Брои) Еден... три... седум... осум! Констатирам дека предлогот се одбива! Одиме понатаму! Шумадинка!
ШУМАДИНКА (Чита): Приговор од Милане Београдиќ против злоупотреба на службената должност на професорот Христо Тодоровски! (Шепотење и негодување меѓу професорите.)
ДРАГИЦА: Сметам дека приговоров е беспредметен! Ученикот го познаваме мошне добро, а според заклучокот од претходната седница истиот е предложен за отстранување од училиштето!
ДУШАН (Подбивно): Но нели предлогот е сè уште неподготвен?! Сè дотогаш ги има истите права како и останатите ученици! Продолжете, Шумадинка!
МАКЕДОНКА: Насетувам дека тој предлог никогаш нема да доживее премиера во овој кабинет! А бе луѓе, премногу сте прозирни, ама...
ДУШАН (Прекинувајќи ја): Продолжете, продолжете, Шумадинка!
ШУМАДИНКА (Чита): Исклучително тешките понижувања, навреди и малтретирања од страна на професорот Христо Тодоровски, се основната причина поради која што морам да се обратам до класниот совет, со најкултурно барање за преземање неодложни мерки, не само за моја лична заштита, но и за заштита на останатите ученици. Покрај зачестените физички напади, и неодамнешните обиди да ми ги искрши прстите од рацете, професорот Тодоровски не само што ја злоупотреби службената должност во однос на наставно-воспитниот процес, туку сосема дрско започна да бара мито! Ќе го спомнам само фактот дека во неколку пригоди за исправка на неоправдано ставената единица, ми побара 500 германски марки, заканувајќи се дека ако истите не му бидат дадени во најскоро време, ќе

стори сè, да ја повторам годината. Молам против него да бидат преземени најстроги мерки. Правдата би била целосно задоволена ако професорот Тодоровски едноставно биде отстранет од училиштето! Милане Београдиќ, ученик од IIIa клас.

ХРИСТО (Со иронија): Не знам дали ќе пресушат интригите во директоровото дувло, ама знам дека лагата лесно про'ртува, но никогаш не пушта корен! Токму така како што знам дека пајажината на раздорот што ја плеткаат директорот, колегата Петриќески и секретарката Шумадинка неповратно проголтува и млади луѓе!

ДУШАН: Без навреди! Не дозволувам вакво однесување!

ХРИСТО: Тоа никогаш и никому не навредува! Вие и вашите полтрони сте најавтентични примери на закоравени макијавелисти! Се срамам што сте дел од тој колектив! А Вас колега Петриќески, верувајте ми, ве сожалувам! Впрочем - не! Вас ве презирам! Го сожалувам синот ви! Го туркате во амбис од каде тешко ќе се врати како човек! Вистината е дивергентна со вашата догма, колега! И самиот го знаете тоа, но и покрај сè, нешто привлечно ве гони во сферата не небулозата!

ДРАГИЦА: Ме чуди како можеме да расправаме по нешта за кои сите сме убедени дека се беспредметни!

ДРАГИША (Со презир): А земањето мито?! Го сметате ли за беспредметно барањето марки?

МАКЕДОНКА: Луѓе, нели гледате дека сте смешни? Кога се обидувате да убедите дека колегата Христо го сторил тоа? Прекинете ја фарсата!

ДРАГИЦА: Така, ами!? Го знаеме и син ти, а не помалку и Милане! Но, знаеме и дека сценариото за комедијава е стокмено во кабинетот!

ДУШАН (Џагор меѓу присутните. Гневно): Молк! Престанете! И порано во Белград и последниве години овде луѓето ме познаваа и сè уште ме познаваат како исклучителен поборник на логократијата! (Џагор на неодобрување.) Меѓутоа, и покрај модерантските настројувања, мојата доверба се злоупотребува! Како може да се смета за ирелевантно тврдењето на еден ученик за злоупотреба на службената должност на професорот?

МАКЕДОНКА: Токму така како што вие му диктирате на истиот ученик некакви фингирани подлости! Засрамете се! (Џагор на одобрување) Но, нема да помине! Премногу се морбидни вашите соништа! Јас одбивам да расправам по вакви флагрантни инсинуации!

ШУМАДИНКА (Во кабинетот џагор на одобрување): За жал, тоа не е сѐ. (Вадејќи лист од фасциклата) Како факт дека (Со иронија) вашиот почитуван колега Тодоровски, сепак не е така безгрешен како што вам ви се чини, еве уште едно обвинување! Веројатно името на авторитативниот подносител ќе биде доволно силна светлина за да излезете од темнината на лавиринтите и да го осознаете вистинскиот лик на, навидум наивниот и добродушен Тодоровски!

ДРАГИЦА (Со горчина и чудење): Што? Зарем не се уморивте со бестијалностите?

МАКЕДОНКА (Подбивно): Што ли нема да слушнеме уште?!

ШУМАДИНКА: Поднесокот е од уважената д-р Јела Београдиќ! Дозволете ми... (Чита) "Од поодамна со загриженост го проследував вознемиреното однесување на мојот син Милане Београдиќ при враќање од училиште и не им обрнував некое особено внимание на неговите поплаки против поодделни професори, а особено против професорот Христо Тодоровски. Секако сметав дека професорите се непогрешливи, имајќи ја секогаш на преден план нивната педагошка дејност! Меѓутоа, штом дознав дека спомнатиот професор, за да му ја поправи слабата оценка, на син ми му побарал 500 германски марки, морав да интервенирам. Појдов кај директорот со цел да го повика именуваниот на разговор, но тоа што таму го затекнав е случај без преседан. Професорот Тодоровски беше го соборил својот колега Драгиша Петриќески на подот и дивјачки го удираше со тупаници по лицето! Едноставно бев вџашена! Зарем кај вакви педагози ги испраќаме нашите деца!? Зарем така едноставно ја предаваме младата популација во рацете на личности кои случајно заталкале во доблесната сфера на образованието и воспитанието?! И уште, ќе додадам - зарем

воопшто е можно на вакви интелектуалци, во чија карактерна стабилност оправдано се сомневам, да им се довери иднината на младите, на кои нашето самоуправно општество им посветува толку многу внимание! Се сомневам дека Советот при училиштето ќе умее да донесе најсправедлива одлука, и споменатиот наставник ќе биде санкциониран со отпуштање од работа или прераспределување на работно место што нема допирни точки со образованието и младите. Со почит, д-р Јела Београдиќ.

ШУМАДИНКА (Самоубедено): Па, слушнавте што ни порачува почитуваната докторка Београдиќ... (Со иронија) Освен ако и ова некој од вас не го третира за флагрантна инсинуација!

ХРИСТО (Општ молк. Погледите свртени кон него): Ме познавате сите и со чиста совест тврдам и тоа е само дел од раскошното сценарио на подлости подготвено од директорот и неговите полтрони. Вистина е дека колегата Драгиша се најде на подот, но за тоа е самиот виновен! Морав да се бранам, откако подмолно ме нападна охрабрен од директорот.

ДРАГИЦА (Подбивно): Хм! Претчувствував дека се работи за вакво нешто! Тој го напаѓа... Христо се брани... истиот миг влегува докторката и...

МАКЕДОНКА: И гледајќи го полтронов на подот, помислува дека нападнатиот е напаѓач! (Кон тројката) А бре луѓе, зарем не ви стана јасно дека е искршен мразот на измамите?

ШУМАДИНКА: Мислам, вие ја обвинувате докторката Београдиќ за измама?!

МАКЕДОНКА: Не неа, туку вас тројцата. Таа веројатно сосема случајно паднала во вашата отровна мрежа!

ДРАГИША (Самоуверено): Како директно оштетен од варварскиот напад на колегата Тодоровски јас веќе се обратив до судот, меѓутоа, како што наведува и другарката, барам спомнатиот да биде отстранет од работа во образованието! Колешки и колеги, кога се работи за една така нагласена карактерно нестабилна личност, секаква пристрасност или поддршка може да му наштети на колективот!

МАКЕДОНКА (Иронично): Зборуваш за тебе? Така е, се согласувам. И ти благодарам што ете, доживеавме барем еднаш да ја кажеш вистината!
ДРАГИША (Избувливо): Престани, проклета вештерко! Ти!... Следната што ќе си замине од училиште ќе бидеш ти!
ДРАГИЦА (Иронично): А-ха! А потоа?
ДРАГИША: Ти! Да, да, потоа си ти! Ти, проклета хиено!
ЈОВАНКА: А потоа?
ДРАГИША: Потоа ти! Да, да, ти (Општ џагор и негодување) И ти... и ти... и ти... Сите!... Сите ќе си одите неблагодарници! Сите... сите!...
МИЛАНЕ (Влегува без чукање. Ги гледа сите со налудничав поглед и насмев): А-ха! Се криете, а? Ха-ха -ха! А-ха-ха-ха! (Моментална сериозност) Е, па, ве најдов!... Сега... Псст! Пссст! Никој да не се поместил!
ДРАГИША (Самоуверено): Милане, веднаш напушти ја просторијава! (Поаѓајќи кон него со милозвучен тон) Ајде Милане... мора да работиме... Се решава судбината на училиштето, Милане...
МИЛАНЕ (Отсечно остро): Стој! Стој! Ти си тој... (Вади пиштол од џебот) Ти си! Е, па...
ДРАГИША (Уплашено, но сè уште со самоубеденост): Милане, не ме познаваш? Ајде, ајде Милане... треба да работиме, синко!
МИЛАНЕ: Тој што лаже, треба да биде казнет! (Истрелува еднаш во таванот и го вперува пиштолот во него) Зошто лажеш?
ДРАГИША (Растреперен и во паничен страв): Што?... Милане... зарем јас? Јас никогаш не сум... (Одејќи наназад кон Душана и Шумадинка. Сите се уплашени и впиени еден во друг) Јас не лажам, Милане...
МИЛАНЕ (Остро): Лажеш! Молк!
ДРАГИША (Впивајќи се во Душана кон кого е прилепена и Шумадинка): Милане, синко... што ќе сториш? Зарем нас тројцата?!
МИЛАНЕ (Прснува во налудничава смеа): А-ха-ха! А-ха-ха! Тројцата лажговци!
ДУШАН (И самиот уплашен): Милане... зарем ти мене лажго? Нема да ти го прости ова татко ти, Милане!

МИЛАНЕ (Со моментално сериозен тон): И тој лаже! Сите четворица, сите лажговци!
ДУШАН (Поаѓајќи претпазливо кон него): Милене, синко... дај го пиштолот Миланe!... Мал си, ќе се повредиш!
МИЛАНЕ (Остро): Стој! Стој, лажго! Стој или никогаш повеќе нема да излажеш некого! (Испукува уште два куршуми во таванот) Лажете, нели? Ќе ве убијам... сите четворица ќе ве убијам!
ДУШАН (Враќајќи се вџашен кон своето место. Кон него веднаш се впиваат Драгиша и Шумадинка): Што сме лажеле, бре синко, што?
МИЛАНЕ (Остро и заканувачки): Сè! (Стрела уште еднаш. Женски врисоци во просторијата) Зошто не се зборува српски во училиштето? Нели рековте дека не постојат Македонци? Колку пати го зборувавте тоа дома кај нас?
ДРАГИША (Со присилен насмев): ОФ! Зарем тоа е, Милане!? Смири се, синко... Еве, јас пак ќе речам - ниту постоеле, ниту пак постојат Македонци!
ШУМАДИНКА (И самата охрабрена): Да, Милане! Тоа е само коминтерновска грешка што наскоро ќе се исправи!
ДУШАН (Низ присилен насмев): Така е, синко! Тоа што некогаш го згрешила Москва, Белград ќе го исправи! Милане, тоа е нашата древна прадедовска земја и мора повторно да биде!
ШУМАДИНКА (Поохрабрена): Мислиш мене ми се живее меѓу овие глупаци (Покажувајќи кон останатите, во чии очи понатаму се чита страв и чудење) Ама нели наредба - морам! Ние сме во апостолска мисија, Милане... јас и Душан и твоите родители... Нè испрати мајката татковина да ги подготвиме нејзините изгубени чеда за враќање во старото јато!
ДРАГИША (Умилкувачки): Мислиш Белград туку-така ќе фрлаше милијарди за изградба на училишта? Србија... нашата мајка татковина го бара тоа! Никогаш не сме лажеле, Милане! Наскоро не само во училиштата, туку насекаде ќе се зборува мелодичниот мајчин српски јазик! Затоа и напорите да го искорениме и проклетото бугарско влијание!
МИЛАНЕ: Ти, Србин си?

ДРАГИША: Не! Да! Всушност - не, ама дедо ми се пронашол, плукнал врз бугарштината и се вратил под крилото на вистинската мајка татковина, земајќи го презимето Петриќ!
МИЛАНЕ (Низ смеа): Петриќ, а? Петриќ? Ха-ха-ха! (Одеднаш сериозен) Пак лажеш, а? (Уште два истрела) Ти си Петриќески, не Петриќ!
ДРАГИША (Исплашено): Татко ми и јас... Се плашевме да не нè испотепаат дивјациве, па мачни времиња беа... добија држава... се нарекоа Македонци и... и морав да додадам едно безначајно ама спасоносно СКИ! (Малку подослободен и со присилена насмевка) А бре синко, презимето воопшто не е проблем. Штом ги вратиме овие под моја Србија, повторно ќе си бидам Петриќ!
ДУШАН (Поохрабрен): Милане, остави го пиштолот... Ако сакаш побргу насекаде да се зборува српски, тогаш остави нè да расчистиме со овие... Мора да се растури оваа бунтовничка банда!
МИЛАНЕ (Свртувајќи се кон останатите со вперен пиштол): А-ха! Овие се, а? А-а, ха, ха! Овие се! Ова се тие што ми ставаат единици! (Поаѓајќи кон нив и доближувајќи им го пиштолот до гради) Оваа... (Кон Македонка) Оваа... (Кон Драгица) Овој... (Кон Христо) Да, да... Овој ќе биде прв! (Го зема на нишан.) Директорот и професорот Драгиша бараа да завршам со тебе многу порано, ама... (Свртувајќи се кон нив) Ете гледате?... Никогаш не е доцна непријателот да се остави без глава!
ХРИСТО (Ладнокрвно и отсечно): Значи, случајно или не - грозомората се откри! Мислев, бестијалноста е од помали размери, меѓутоа...
ДРАГИША (Гневно): Тој е виновен за сè, Милане! Тој и овие две отровници! (Хистерично) Пукај, пукај, Милане!
ШУМАДИНКА (Подивено): Убиј го! Сите... сите до еден! Убивај!... Убивај, Милане!
ДУШАН (Самоубедено): Како што гледате... понекогаш и тоа се случува. Тоа што не може зборот со години - куршумот го решава за миг!
ДРАГИША (Со хистеричен врисок): Пукај, пукај глупчо!...
ХРИСТО (Подбивно): Безумници! Зарем ќе му дозволев

така едноставно да си игра со пиштолов пред нашиве гради ако не е веќе празен?! Ќе го имав в раце уште кога стапи пред нас, но чекав! Чекав да видам колку длабоко потонала вашата изгубена совест! А, се разбира, и поради некои од колегите кои, сè уште не ве запознале во темничиштата!

ДРАГИША (Хистерично): Те лаже, Милане! Пукај, пукај, кога ти велам! Будалиште малечко!

ХРИСТО: Малиов е болен, но вие... вие сте поболни штом болниот го терате да се претвори во убиец!

МАКЕДОНКА (Гневно): Убијци! Гнасни убијци!

ДРАГИЦА (Исто со гнев): Знаев дека го изгубиле човечкото во себе, но сепак, не верував дека ја надминале свиреноста на крволочниот ѕвер!

ЈОВАНКА (Исто со гнев. Џагор од осуда.): Надвор оттука, шовинистички ѓубриња!

ШУМАДИНКА (Се надвикува на џагорот): Пукај, пукај, Милане!

ЈЕЛА (Тишина. Влегува Јела. Веднаш кон Милане. Молежливо и со плачлив глас.): Милане... сине мој... дај ми го пиштолот, сине! Ќе повредиш некого, сине...

МИЛАНЕ (Остро): Стој! (Кон неа со пиштолот) Не ми приоѓај зашто и тебе ќе те убијам! (Потонувајќи во хистерична смеа) Ха-ха-ха! А-ха-ха-ха! Се собраа лажговците! А-ха-ха-ха, а-ха-ха-ха! (Со бес свртен кон Јела, Шумадинка, Драгиша и Душан) Зошто ме лажевте? Зошто, а? Зборувајте! Зборувајте или...

ЈЕЛА (Со плачлив глас): Убиј ме! Убиј ме, мило мое, само не вели дека некогаш сум лажела!

МИЛАНЕ: А тоа што зборувавте дома?

ЈЕЛА: Кое бре, мило мое?

МИЛАНЕ: Нели тука ќе се зборува српски!? Нели така велевте?

ЈЕЛА (Умилно): Ја чу мајка да рече нешто? Ја чу, мило?

МИЛАНЕ: Не, ама тато и овие тројца... нели рекоа дека нема Македонци!

ДУШАН: И нема, синко! Те уверувам, нема Македонци!

МИЛАНЕ: Нема, нема? А овие? Што се овие (Покажувајќи на останатите) овде?

ДРАГИША (Умилкувачки): Коминтерновци, Милане, Коминтерновци! Тие не постојат! Наскоро тука се ќе постои во законот на мајката татковина Србија!
ЈЕЛА (Гневно поаѓајќи кон него и зграбувајќи го за кошулата): Ми се гадиш подол јаничаре! Ако овие двајца и ним слични се овде по задача од Србија и заради српството... и така и така! Но, ти... за кого ти работиш без'рбетнику? За Србија? Србин си? Не! Македонец? Ни Македонец!
ДРАГИША (Збунето): Што зборувате докторке? Каде ги гледате тие Македонци?
ЈЕЛА (Оттргнувајќи го грубо): Насекаде, глупчо! Само во тебе не. А тој што се откажал од своите - безвреден е за сите!
ДУШАН: Другарке Јела..., а директивите од Белград?!
ЈЕЛА: Глупост, глупост, Душане! Сеништа од дедовците и прадедовците кои, за жал, ги пренесле на синовите и внуците! Зарем за овие четири години колку што си тука, не виде дека нешто се случува? Најде српски корења? Не! Тогаш каква Србија бараш овде, Душане? Човеку, Македонија е тука! Македонија - запомни!
ДУШАН: Но, другарке, во проектот се вложени милијарди, милијарди...
ЈЕЛА: И уште стопати по толку се премалку да го платите срамниот долг кон овој честит народ! Симни ги дедовите заробувачки сеништа и ќе видиш колку добрина и искреност прелива од срцето на овој народ!
ШУМАДИНКА: Докторке, но во проектот сте и Вие и Вашето семејство! Мора да продолжиме!
ЈЕЛА: Плукаме ние врз вашиот проект! Ние остануваме засекогаш тука и на почитта што ја уживаме ќе вратиме со двојна почит! (Кон Милане) Сине, дај го пиштолот! Да си одиме, сине! (Поаѓајќи кон него)
ДРАГИША (Хистерично): Пукај, Милане! Пукај! Мајка ти е предавник!
ЈЕЛА: О, јаничаре ништожен, зарем ти, зборуваш за предавства?! Овие ќе си заминат таму од каде што дошле, но ти... Каде ти ќе најдеш парче замја да ги закопаш без презир твоите валкани коски? (Кон Милане, прегрнувајќи

го и земајќи му го пиштолот) Да си одиме, Милане, мил мој! (Одејќи кон вратата)
ДУШАН: Другарке Јела, јас морам да го известам Белград!
ЈЕЛА (Застанувајќи): Ние со мажот ми тоа веќе го сторивме. Останувам во Македонија! (Отворајќи ја вратата, и веднаш застанувајќи со поглед кон останатите) Простете, знам дека имавте проблеми со Милане! Заболи во момчештвото и веќе изгубивме секаква надеж меѓутоа, одненадеж завчера добивме вест дека лекувањето е можно. Ќе се лекува во странство, а наесен...
МИЛАНЕ: Ќе бидам здрав, нели, мамо?
ЈЕЛА: Да, мило, да! И сите ние ќе бидеме среќни! Оф! За малку ќе заборавев! Приговорот... против професорот Христо Тодоровски го повлекувам! Сѐ во него, освен удирањето со јаничаров, бидејќи самиот е виновен. Направено е под диктат на овие тројца и јас не сакам во совеста да го носам товарот на овој невин човек!
ДУШАН (Гневно): Ве опоменувам!... Белград ќе дознае сѐ!
ЈЕЛА (Иронично): Можеби еден ден од вакви како вас и слични на вас, и на Белград ќе му дојде преку глава! А јас... навистина искрено верувам во тоа! (Кон Христо) Ве молам простете ми, професоре! Довидување! (Излегуваат)
ДРАГИША (Умилкувачки. Во кабинетот - молк кој, минува во почести меѓусебни дофрлувања.): Директоре, чинам... докторката како и синот ѝ... (Движење на раката со симболичност на лудило.)
ДУШАН (Иронично): По сѐ ова, зарем се потребни претпоставки?! (Со наредувачки глас) Но, колеги, заборавете на инцидентов и да продолжиме со работа!
ДРАГИЦА (Остро): Зарем по сѐ што се случи? По сите подлости што ги слушнавме?
ШУМАДИНКА: Да! Инцидентот ќе биде пријавен кај надлежниот орган, а ние да ја вршиме нашата работа!
ЈОВАНКА: Што работа нѝ остана? Приговорите ги одбивме, а докторката си го повлече обвинението, и уште ве обвини и Вас!
МАКЕДОНКА: Почитувани колешки и колеги, со вакви монструми јас не можам повеќе да соработувам. (Општ џагор. Поддршка.) Се згрозив од тоа што го чув!

ДУШАН: Мир! Сметам дека доволно сте интелигентни за да сфатите дека станува збор за една долна докторка што одамна ја изгубила и последната трошка авторитет!
ШУМАДИНКА: И да не ве чуди на кого се метнал синот!
МАКЕДОНКА (Со бес): Барем помни си ги зборовите што ги расфрлаш, мори змијо! Пред малку "угледната докторка Београдиќ", а сега "да не ве чуди на кого се метнал син ѝ"! Ама, велам јас, од монструми човека може сѐ да го снајде!
ЈОВАНКА: Кога е веќе така, зошто седиме уште? Си одиме!
ДУШАН: Тогаш, ќе морам да објавам оглас за нови вработувања!
ШУМАДИНКА: Па, според Статутот и Правилникот...
ХРИСТО: Велите докторката лаже?
ДРАГИША: Да! По сѐ изгледа, заврши нејзиното!
ХРИСТО: Тогаш, што е со вашите зборови дури треперевте пред пиштолот на Милане?
ДУШАН: Но колега, зарем требаше да го оставиме тој малоумник да нѐ испотепа? Понекогаш измамата е единствен спас од безизлезната состојба!
ХРИСТО: Мислите, во онаа во која што се најдовте?
ДУШАН: Не те разбирам!
ХРИСТО: Ме разбирате, ме разбирате! Меѓутоа овојпат лагите не помагаат! Сепак, најпосле лавиринтот се откри!
ДУШАН: Сѐ беше лага за да ве спасам. И ме радува што улавиот не запука!
МАКЕДОНКА: Те молам, Христо... Како можеш да разговараш со тој подлец?!
ШУМАДИНКА (Иронично): Тој подлец, во случајот ви е директор и морате да го слушате!
ЈОВАНКА (Гневно): Затвори ја пеколната уста, мори шумадинско ороспијо! Ти мене ќе ми плукаш во татковината! Бессрамна кучко шовинистичка!
ШУМАДИНКА (Обвиснувајќи се на градите на Душана со плач): Душане... мил мој... слушна ли што рече дивјачкава? Ме нарече ороспија, Душане... (Плаче)
ДРАГИЦА (Иронично): У-ху!... Значи монструмиве не ги врзувале само шовинистичките соништа? "Душане... мил мој ..."

ШУМАДИНКА (Со плач): Ти е криво? Се сакаме мори, се сакаме! Штом завршиме со ова... Ќе се земеме, мори вештерко!
ДУШАН (Налутено): Мир! И без навреди! Јас реков - моравме да постапиме така за да не се убие некого... Едноставно тргнавме од ефектот на спротивна реакција! А, тоа значи дека улавиот реагира секогаш спротивно на наредбите!
ХРИСТО: Тоа значи дека вашата морбидност може да однесе неколку животи! Но, да слушнеме што ќе речете на ова. (Вади мало касетофонче и го вклучува)
МИЛАНЕ: Добар ден!
ДУШАН: Добар ден! Што е, Милане? Кажи побргу, брзам во Комитетот!
ДРАГИША: Добар ден, мој Милане!
МИЛАНЕ: Ме пратија по креда!
ДРАГИША: Ене ги таму во ќошето! Повели, земи!
МИЛАНЕ: Ха-ха-ха, добро, класни!
ДРАГИША: Слушај, Милане!
МИЛАНЕ: Ха-ха-ха, да, класни!
ДРАГИША: Да те прашам нешто?
МИЛАНЕ: Да, класни!
ДРАГИША: Милане, кој ти ги оправдува изостаноците?
МИЛАНЕ: Ти, ти, класни!
ДРАГИША: Милане, кој те ослободува од часови?
МИЛАНЕ: Ха-ха-ха, ти, класни!
ДРАГИША: Милане, кој ти ги исправа слабите оценки на крајот на годината?
МИЛАНЕ: Ти, ти, класни!
ДРАГИША: Точно, точно, Милане. И те уверувам, ти би имал уште, уште поголеми слободи да не е некој што те мрази како да си пекол! И истиот дури сака да те отстрани од училиште!
МИЛАНЕ: Што? Кој? Кажи ми го само неговото име, класни! Кажи ми ги името на тој што се обидел да изигрува судија!
ДРАГИША: Тоа е најтешко што може да му се случи на ученик, Милане!
МИЛАНЕ: Ама кога ти велам, кажи ми го името на тој глупак! И тренерот ми се замери, ама ете ти го каде шета без

два заба в уста!
ДРАГИША: Да, Милане, токму денеска бараше да те отстраниме!
МИЛАНЕ: Професорката по географија?
ДРАГИША: Не!
МИЛАНЕ: Професорката по македонски јазик?
ДРАГИША: М... Не.
МИЛАНЕ: Тогаш историчарот е! Погодив?!
ДРАГИША: Да! Дури сега погоди!
МИЛАНЕ: Погодив! Ха-ха-ха!
ДРАГИША: Погоди, погоди, Милане!
ДУШАН: Побрзај Драгиша, ме чекаат! Состанокот е од витално значение за судбината на училиштето!
МИЛАНЕ: Тешко нему! Тешко нему ако го сретнам на улица! Лелеееее!... Трес - една... Па, уште една... па, уште една!...
ДРАГИША: А, зошто на улица кога тоа може да се стори веднаш!?
МИЛАНЕ: Веднаш?
ДРАГИША: Веднаш, Милане! Да речеме, штом започне часот...
МИЛАНЕ: Да, класни, да! Штом влезе историчарот... излегувам од клупата и тре-ес една... па уште една... па уште една...
ДРАГИША: Така, така, Милане! Со непријателот треба брзо и безмилосно.
ДУШАН: Драгиша, човеку, побрзо! Комитетот ме чека! Жешки прашања ме чекаат човеку, разбираш ли?
ДРАГИША: Веднаш, веднаш, другар директоре. Значи Милане - сега или никогаш!
МИЛАНЕ: Да, класни, веднаш! Ќе слушнете, класни! Следниот час имаме историја.
ДРАГИША: Така, Милане, така! Брзо и безмилосно!
ХРИСТО (Исклучувајќи го магнетефонот): Па, другари? Веројатно нема да речете дека очекувате ефект не спротивна реакција!
ДРАГИША: Напротив, токму тоа го очекувавме! Знаевме дека не те почитува, па за да се одбегнат евентуални инциденти...

ХРИСТО (Влегувајќи му во зборот): Но, а тоа ви е познато, Милане стори така како што го наговоривте! Сепак, сè се заврши без последици.
ДУШАН: Па колега, понекогаш дури и најблагородните надежи остануваат неисполнети! Се колнам во мојата чест и достоинство.
ДРАГИЦА (Иронично): За кои никогаш не чул!
ЈОВАНКА (Со ист тон): Ниту пак некогаш ги имал!
ХРИСТО: Да речеме дека е и така! Но, што ќе речете на ова... (Го пушта повторно касетофончето)
ДУШАН: А-ха, добив! Ало? Професор Спасиќ?... Здраво, роднино! Слушај брате, дознав дека кај тебе на Светска книжевност студира лицето Божана Ристова. Брате Спасоје, погрижи се личноста никогаш да не излезе од втора година. Не е фер? А тоа што мајка ѝ е некаква мивка што предава македонски јазик, сака мене да ме уништи? И ако ти речам дека е водач на бунтот против мене и закоравен србофоб?! Не си знаел, ама сега знаеш!... Така... од втора година веднаш в болница. Ајде, здраво и дослушање.
ХРИСТО (Исклучувајќи го магнетофончето): За ваше информирање, ќе спомнам дека вакви интервенции директорот Душан изврши и за керките и синовите на повеќемина колешки и колеги!
ЈОВАНКА: Ѕвер!...
МАКЕДОНКА: Акреп!...
ДРАГИЦА: А што друго може да се очекува од бездушник?!
МАКЕДОНКА: Можеби и сега ќе се повикаш на твојата чест и достоинство? Ајде, ајде да слушнеме... Заколни се акрепу!
ШУМАДИНКА: А што очекувате вие по сите подмолности што секојдневно му ги подготвувате? Веројатно, изнервиран го сторил тоа, но убедена сум дека веднаш се покајал и се корегирал пред своите блиски во Белград! Го познавам како никој од вас и, можам да се заколнам во искреноста и чистотата на неговата душа! Нели е така, мил мој?
ДУШАН (Со потврдување): Да, да, токму така! Ми стана жал за децата и уште истиот ден се корегирав! Мојата чест и достоинство...
ДРАГИЦА (Му влегува во зборот): За кои никогаш не чул!

ЈОВАНКА: Ниту пак некогаш ги имал!
ХРИСТО: И за на крај, да слушнеме што одговор ќе добиеме за ова... (Го вклучува касетофончето)
ЈАГОДА: Директоре... директоре!... Тој... тој... тој пак полуде директоре!... Се закачува директоре! Има ноже во раката! Ќе ме убие... ќе ме убие... Ве молам... Сторете нешто! Ќе пристигне секој миг... Ќе ме убие!...
ДУШАН: Ќе те убие? Зарем во училиштето какво што е нашето шетаат убијци?
ЈАГОДА: Да, да директоре!... Ме брка... Извади ноже... и потрча по мене велејќи... велејќи дека ако не сакам да сум негова ќе ме убие!
ДУШАН: Ама, ајде девојко... што ми изнакажа! Вљубеноста е слепило девојко, а вљубениот е способен да стори и злосторство!
ЈАГОДА: Но, тој... тој е луд, директоре!
ДУШАН: Седни! Ако не се лажам, ти беше Јагода од IIIа клас?
ЈАГОДА: Да, Јагода! Директоре, тој е навистина луд! Вчера сакаше да се тепа со професорот по историја, а мене... мене секојдневно ме малтретира со некои параноични изјави на љубов! Ве молам, директоре...
ДУШАН: Реков јас - вљубениот е во состојба, во потрага по својата љубов да стори и злосторство! Особено пак кога се работи за девојка по која болно воздивнуваат стотици млади!
ЈАГОДА: Директоре, мора да сторите нешто... ќе ме убие будалиов!
ДУШАН: Само преку мене мртов! Мислиш, ќе дозволам пред мене да ја убијат единствената девојка поради која минувам бессони ноќи?! Јагода... можеби нема да ми веруваш но, јас... јас знаев дека ќе израснеш во убавица со која не може да се споредат ни божествата.
ЈАГОДА: Ама директоре... директоре... јас дојдов... Дојдов да сторите нешто, директоре...
ДУШАН: И ќе сторам... за тебе ќе сторам сѐ Јагода!... О, колку одамна го посакував овој миг? Колку многу осмислував како да те повикам овде и да ти речам сѐ... Сѐ што го крши моево срце... Сѐ што ја убива мојава душа... Сепак,

случајов сакаше мојот сон да стане вистина... Јагода, те љубам... те љубам, Јагода... Ако не се согласиш да бидеш моја... Без тебе е безвредно моето постоење, Јагода...
ЈАГОДА: Директоре... јас само побарав заштита...
ДУШАН: Јагода... убавице моја... јас... дозволи ми да ти ја понудам мојава вечна заштита!... Сакам да бидеш засекогаш моја, Јагода...
ЈАГОДА: Директоре, јас морам да одам... часот само што не започнал!
ДУШАН: Јагода... љубов моја... не мораш на час... ќе сторам се за тебе, Јагода...
ЈАГОДА: Тогаш заштите ме од Милане... ќе ме убие директоре...
ДУШАН: Убавице моја... ти ја нудам мојата вечна заштита!... Те сакам, Јагода... само со тебе можам да бидам среќен во животот...
ЈАГОДА: Пуштете ме... морам на час, директоре!...
ДУШАН: Не мораш... не мораш на час... Ќе сторам да бидеш одлична...
ЈАГОДА: Па јас и сум одлична ученичка! Ве молам, пуштете ме...
ДУШАН: Животе мој... жено моја... Ќе сторам сѐ да бидеш најсреќната сопруга на светот... Ќе бидам твој доживотен роб... Оф! Јагода!... Ти мораш да бидеш моја жена!... Сакам да постоиш само за мене и да постојам само за тебе! Љубов моја...
ЈАГОДА: Пуштете ме! Пуштете ме, директоре!
ДУШАН: Јагода... те љубам, Јагода...
ЈАГОДА: Ама што зборувате, директоре? Зарем доликува... Пуштете ме!...
ДУШАН: Те љубам... Те љубам... Морам да те имам... морам... морам... морам...
ЈАГОДА: Леле!... Што?! Настрана од мене, психопату ниеден! Ова не ми го сторил тој што го љубам!
ДУШАН: Те љубам, Јагода... Сакам да си моја... засекогаш моја!...
ЈАГОДА: Не ми приоѓај! Ќе викам, не ми приоѓај!
ДУШАН: Јагода, сакам да си моја... Те љубам, Јагода...
ЈАГОДА: Реков - ќе викам, не ми приоѓај! Отклучи кога ти

велам или...
ДУШАН: Ама, Јагода... Зарем не сфаќаш? Ти нудам брак, Јагода! Те љубам колку што никој друг нема да те љуби!
ЈАГОДА: Господе!... Па, вие... како се осмелувате!? Престанете и дајте ми го клучот! Ве опоменувам последен пат! Ќе викам!
ДУШАН: Сè за тебе, љубов моја... еве... И тоа е доказ дека ќе бидам твој вечен роб!
ЈАГОДА: Мене не ми требаат робови, директоре! А што се однесува до љубовта, веќе шест месеци ме љуби некој што и јас силно го љубам!
ДУШАН: Не! Не! Не! Нема да дозволам да те љуби друг! Мора да те имам! Ти мора засекогаш да бидеш моја! Јагода... Јагода...
ЈАГОДА: Ти реков, ѕверу налудничав... Таму не ме допрел и тој што искрено го љубам! И ако некому му се дадам, тоа најмалку ќе бидеш ти, психопату гнасен!
ДУШАН: Ти мене вака?! Ти... курво малечка што блудничиш среде бел ден низ парковите! Ти што му седиш во скутот на некој жолтоклунец без иднина! Мислиш, не ми рече Милане!?
ЈАГОДА: О-хо! Значи вие сте закрилникот на Милане! Е, сега го разбирам професорот по историја! "Тоа е покомплексен проблем ученици!" Да, да, навистина бил покомплексен, зашто една од компонентите сте и Вие. Еве, и тоа се докажа! Засрамете се! По ова што се случи, не би требало да се појавите во училиштево! Но, чинам, тоа не ви значи ништо бидејќи не сте стигнале подалку од светогледот на Милане!
ДУШАН: Молк! Не ми го спомнувај тој проклет историчар, курво! Ќе ве уништам... обајцата... ќе ве уништам!
ЈАГОДА: "Те љубам, Јагода... сакам да ми бидеш жена... цел живот ќе бидам твој љубовен роб!" А сега наеднаш курво, а? Или зашто не ти успеа да ме земеш, а? Да ги скратиш своите безумни страсти! Веројатно, многу невини малолетни ученички паднале пред твоите примамливи ветувања, перверзен бездушнику! Но, како што рече професорот Христо, "не постои проблем, за чија разврска патиштата се изгубени!"

ДУШАН: Доста! Молк! Не спомнувај ми го тој проклетник! Ќе ве уништам! Обајцата ќе ве уништам! Ќе ве уништам!
ХРИСТО (Исклучувајќи го магнетофонот): Ете и тоа се случи!
МАКЕДОНКА (Со гнев): Леле... Зарем и тоа е можно!
ШУМАДИНКА (Врескајќи): Не! Не! (Се фаќа со двете раце за главата, се стрчува кон него и ги зарива прстите во неговото лице.) Развратнику... Мене да ми го сториш тоа?... Ќе те убијам!... Ќе те убијам, блуднику безобразен!...
ДРАГИША (Одделувајќи ја): Не им верувај пријателке, бандава е во состојба да измисли сè! Не си слушнала за монтажа?! Смири се, пријателке! Се обидуваат да нè испокараат!
ШУМАДИНКА: Драгиша... ако е вистина... ќе го убијам, ако е вистина!
ДРАГИЦА: На овој местото му е в затвор!
ЈОВАНКА: Боже! Срам да ти е непрокопсанику! Ти се посака и малолетничка, нели?
ДРАГИЦА: Си слушнал ли бре ти дека за ова се оди на суд? Нема да бидам Драгица ако не ја истераме правдата до крај!
ДУШАН (Бришејќи ги окрвавените гребнатини со марамчето): Морам да признаам дека моите намери кон девојката беа сосем сериозни! Јас навистина ја сакам и доколку се согласи, ќе ја венчам!
ЈОВАНКА: Не ти беше доволно што ти рече дека љуби друг?
МАКЕДОНКА: И зошто се обиде да ја силуваш?
ДУШАН: Не ја силував! Само се обидов да ѝ ги откријам моите најискрени чувства! Да ѝ кажам колку многу ја сакам...
ДРАГИЦА: А Шумадинка? Не ја венчаваш?
ДУШАН: Тоа никогаш не сум го помислил, ниту пак некогаш ветил!
ШУМАДИНКА (Низ врисок полетувајќи кон него.) Што рече? Повтори... (Го удира) Повтори развратен ѕвер! Ќе те убијам... Ќе те убијам, блуднику!
ДРАГИША (Оттргнувајќи ја): Шумадинка... присвести се Шумадинка!

ДУШАН: Се колнам... едноставно на Јагода ѝ ветив и, ако се согласи, само со неа ќе се оженам!
ШУМАДИНКА: Драгиша... те молам... само ти знаеш сè... Речи... дека ми вети!
ДУШАН: Никогаш, грдотијо шабачка!
ДРАГИША (Оттргнувајќи ги рацете од неа): Да, така беше! Директорот никогаш не ветил дека ќе се ожени со тебе!
ШУМАДИНКА (Со бес): Лажеш! (Му удира шлаканица и ги впива рацете во неговото лице) Морам да ви кажам... сè што чувте е вистина! И тоа што рече докторката, и тоа што чувте сега! Чувајте се зашто тенкот на српскиот хегемонизам може да ви ја уништи државата. Проектот на србизацијата е во полн ек, и емисарите работат во секој македонски град!
ДУШАН: Молкни, молкни, грдотијо шабачка! Зборувате предавство!
ШУМАДИНКА: Не се плашам од смртта, Циганине нишки! Да, да ако не знаевте тој е Циган од некое нишко село. И, да не ве чуди црната боја на неговото безлично лице! Толку колку што е црн во лицето деветпати е поцрн и во душата!
ДРАГИША (Со иронија): Нели пред малку се колнеше во неговата чиста и искрена душа?!
ШУМАДИНКА (Потврдувајќи): Да, така беше! (Веднаш излив на бес) Но, поради вербата во љубовта на овој блудничав Циган. (Се нафрла врз Душан и Драгиша гребајќи ги по лицето и така тројцата излегуваат од просторијата.)
ХРИСТО: За среќа, вистината најпосле излезе на виделина! По сè ова, мислам дека е бескорисно да останувааме повеќе. Што и како понатаму ќе одлучиме утре.
МАКЕДОНКА: Да! Ако трагикомедијава потраеше уште малку, не сум сигурна дека не ќе се струполев од горчина и возбуда!
ДРАГИЦА: Да си одиме! (Џагор на одобрување и сите во ôд)
ДРАГИША (Вратен со насмевка на лицето): Сестри и браќа... тепачката меѓу геџовците е во полн ек! Но, да ги оставиме нека се испотепаат! Сигурен сум дека повеќе нема да го пречекорат прагот на училиштето! (Одат

молчејќи и бавно кон него и кон вратата.) Знаете, јас сум ваш пријател...

ХРИСТО (Гневно): Подобро е да имаме стотици непријатели, отколку да имаме ваков пријател... (Сите намуртени, со лутина продолжуваат да одат кон него.) Каде, останете да се договориме! Сега сме само ние... Србите си заминуваат!... Сестри... браќа... Останавме само ние... Само Македонците... (Одат и понатаму кон него закaнувачки.) Што е? (Уплашено) Не ве радува тоа што си заминаа ѕверовите? Јас... јас по првпат се чувствувам среќен!... Не, среќен, не... пресреќен! (Заканувачкиот ôд и понатаму продолжува) Брате Христо... (Осетно уплашен) Македонка... Драгица... Јованка... Што се случува со вас? Не ме познавате?... Јас сум... ваш брат... вашиот Драган Петровски! Македонец... како и вие... (Толпата сосема наближува. Драгиша ја фаќа кваката и растреперено ја отвора вратата) Што е? Што, што барате од мене? Соземете се... Јас сакам со вас... Христо... Драгица... Македонка... Ваш сум и сакам со вас... Не! Не! Зарем пак Македонци против Македонци?! Се колнам во мојата чест... во моето достоинство... Не! Не, браќа!... Нееееее! (Затемнување на сцената и истовремено силен, морничав; продорен врисок) Неееееe!

Крај

## БЕЛЕШКА ЗА АВТОРОТ

*Ристо Тодоров* е роден 1943 година во Струмица. Основно образование завршил во родниот град. Учителско училиште во Штип, а Филозофски факултет - група англиски јазик со литература и македонски јазик во Скопје. Работи како професор по англиски јазик во ДСТТУ "Никола Карев"-Струмица.

Досега ги има издадено стихозбирките: "Гулаб на мирот", "Ѓерданчиња и ѕвончиња", драмата "Ножот", го има преведено на англиски Туристичкиот водич на Струмица и Струмичко и од англиски на македонски драмата на Харолд Пинтер ".Планински говор" која беше изведена и првонаградена на Драмските алтернативни аматерски смотри во Кочани во 1992 година.

Издавач:
ДООЕЛ *Макселин*-Струмица

Ристо Тодоров
*Молскавичен ѕвон*

За издавачот:
Никола Сарајлија, директор

Лектор:
Васка Кирова

Илустрација на корицата:
Ниче Василев

Технички уредник:
Ѓорѓи Челебиев

Подготовка за печат:
ДООЕЛ *Макселин*

Печати:
Печатница *БМ-АБА* ДОО-Струмица

Тираж:
700 примероци

Издавањето на книгата финансиски делумно го овозможија спонзорите:

- Гифт шоп "ХИЛИЈАДИС"-Струмица
- ДТУ "ЧИФЛИК"-Струмица
- "АГРО-ПРОТЕКТ"-Струмица
- Пицерија "БОНЏОРНО"-Струмица
- ЈП "ЕЛЕКТРО-ДИСТРИБУЦИЈА"-Струмица
- ЈПКД "КОМУНАЛЕЦ"-Струмица
- АД "СТОПАНСКА БАНКА"-Филијала Струмица
- Штедилница "ПЕОН" ДООЕЛ-Струмица
- Шпедиција "МИ-НО"-Струмица
- Супермаркет "ХОРИЗОНТ"-Струмица
- Фамилија НЕДЕЛКОВСКИ - Љубители на литературата
- Нотар СОЊА БОЖИНКОЧЕВА

ISBN 9989 - 829 - 06 - 3

ISBN 9989 - 829 - 06 - 3